MACEDONIA
# Македонија
NEWSPAPER

May 15, 2023 ■ Volume 41, Issue 7(457) ■ Free www.macedonianewspaper.com




## ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА



Македонија

Е месечен весник, гласило на Македонците во Северна Америка.
Излегува во првата седмица од месецот.
Првиот број на "Македонија" излезе на први ноември 1984 година и оттогаш весникот излегува редовно, секој месец уредуван од Танас Јовановски за-



клучно со октомври 2013-та година од кога истиот е под уредништво на Соња Лозановска.
Почитувани читатели и соработници:
Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат во Редакцијата најдоцна до 1-от ден во месецот, за да бидат објавени во бројот за тој месец.
ЗАБЕЛЕШКА: коментарите објавени на страниците на овој весник со потпис на авторите или изворот на информацијата се мислења на истите и не секогаш го одразуваат ставот на Редакцијата.
Редакцијата на "Македонија" е одговорна само за текстовите без потпис.
Материјалите испратени на адреса на овој весник стануваат негова сопственост, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.
Помогнете го весникот Македонија, помагајќи го ја помагате македонската заедница, македонскиот збор, македонската вистина..



*Со почит,*
***Соња Лозановска***
***главен и одговорен уредник.***

***Технично уредување и дизајн Соња Лозановска***

Our address:
**Macedonia**
**1840 Bloor Street,**
**Suite 711**
**Mississauga, ON**
**L4X 1T2**
*Tel. :416-827-0954*
macedonia.canada@yahoo.com
Published by
901039 Ontario Limited

# Македонија

## Месечен весник на Македонците во Канада и САД

### Почитувани читатели,

**Продолжувањето на нашата мисија во зачувување на македонската култура, јазик, идентитет и традиции е невозможно без Вашата поддршка и помош.**
**Затоа Ве покануваме да го помогнете и да се претплатите на весникот Македонија.**
**Истиот ќе биде доставен во првата седмица од месецот до Вашиот дом или работно место.**
**Ви благодариме.**
**За информации контактирајте не' на:**

**Cell: 416-827-0954**
**E-mail macedonia.canada@yahoo.com**
**http://www.macedonianewspaper.com/**
**facebook: Macedonia Newspaper**

**Makedonija/Macedonia**
**1840 Bloor st. Suite 711**
**Mississauga, On.**
**L4X 1T2 Canada**

Македонија



### Голема благодарност до нашите соработници:

***Танас Јовановски***
- поранешен уредник на весникот ,,Македонија", колумнист

***Бил Николов*** за Македонското Меѓународно движење за човекови права

***Протаставрофор Илија Донев*** - *соработник за верата*

***Никола Петковски*** - креатор на крстозборот за весникот Македонија

***Зоран Андоновски*** – соработник

***Ташко Кубановски*** - за рубриката ,,Афоризми"(Постхумно)

***Зоран Карапанчев*** - фотограф, соработник

***Боне Темелков -*** *СМК-Канада*

Специјални Дописници:

За Македонците од Албанија известува ***Никола Ѓурѓај***

Од Пиринска Македонија за весникот Македонија: ***Стојко Стојков***

***Блага Дафовска*** *во рубриката ,,Поезија со повод,,*

***Славе Катин -*** *соработник публицист*

Колумнисти:
***Горнан Јовановски***
***Диме Костов***

## NEWSPAPER Macedonia AVAILABLE AT THESE LOCATIONS

**The Macedonian Orthodox Cathedral "St. Clement of Ohrid"**
76 Overlea Blvd. - Toronto, Ontario - M4H 1C5
Phone: 416-421-7451;

**St Ilija Macedonian Orthodox Church**
1775 Bristol Rd W, Mississauga, ON
(905) 821-8050

**St. Dimitrija Solunski Macedonian Orthodox Church**
201 Main St N, Markham, ON
(905) 471-5555

**St Nedela Macedonian Orthodox Church**
485 Bayly St W, Ajax, ON L1S 6M7
(905) 426-5355

**St. Nicholas Macedonian Orthodox Church**
5225 Howard Ave, Windsor, ON N9A 6Z6
(519) 966-6257

**St. Naum of Ohrid Macedonian Orthodox Church**
1150 Stone Church Rd E, Hamilton, ON L8W
(905) 387-0111

**CANADIAN MACEDONIAN PLACE**
850 O'Connor Drive, Toronto, Ontario, Canada M4B 3L6
Tel: 416.755.9231

**"California Pub & Grill"**
914 Pape Avenue
Toronto, ON M4K 3V2
East York

**Canadiana Flowers**
3087 Kingston Road
(416) 265-6867

**Stari Grad**
3862 Bloor St W, Toronto, ON M9B 1K9
starigrad.ca
(416) 916-2075

**Markland Wood Pharmacy**
4335 Bloor St W, Etobicoke, ON M9C 2A5

**Old Mill Pastry Mississauga**
385 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1E7

**Pastries Delicatessen**
290 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1C6

**Sarajevo Grill & Meat**
225 The East Mall, Etobicoke, ON M9B 6J1

**Royal Meats**
3635 Cawthra Rd, Mississauga, ON L5A 2Y5
(905) 279-3261

**Mrakovic Meat & Deli**
44 Wellesworth Dr, Etobicoke, ON M9C 4R1

Accredited Nadcap

AS9100C & ISO9001:2008 Certified

# VAC DEVELOPMENTS LTD

**http://www.vacdev.com**

*2270 Bristol Circle, oakville Ontario L6H 5S3*

## Bill Hristovski




## Join the VAC Dev Team!

*An industry leader in precision fabrication of aerospace and defence products, we are growing our organization with people who share our passion and enthusiasm for manufacturing quality products.*

**На сите новодојдени од Македонија им даваме можност за вработување и обезбедување на обука во авио металската индустрија, лимарија, машинство и инжинерство, планирање и други можности**

## VAC Developments Ltd careers

*Warehouse Associate - Packing/Shipping/Receiving*
Oakville, ON • Full-time

*Sheet Metal Mechanic- Fabrication - Day Shift*
Oakville, ON • Full-time

*Sheet Metal Mechanic - Machining/Fabrication Shop- Afternoon Shift*
Oakville, ON • Full-time

*Planner Production - Machining/Fabrication Shop*
Oakville, ON • Full-time

*Manual Machinist*
Oakville, ON • Full-time

*Estimator Machining/Fabrication Shop*
Oakville, ON • Full-time

*Deburring Grinding Technician - Afternoon Shift*
Oakville, ON • Full-time

*Deburrer Grinding Technician - Day Shift*
Oakville, ON • Full-time

*CNC Machinist - Day Shift*
Oakville, ON • Full-time

*CNC Machinist - Afternoon Shift*
Oakville, ON • Full-time

*Assembler Part Markers -Aerospace*
Oakville, ON • Full-time






**CELEBRATING MACEDONIAN ORTHODOX EASTER , ON MONDAY APRIL 17TH, 2023 THE LADIES AUXILIARY FROM THE MACEDONIAN ORTHODOX CATEDRAL ST. CLEMENT OF OHRID VISITED THE MOST POPULAR MACEDONIAN PLACE FOR SENIORS IN CANADA, CANADIAN MACEDONIAN PLACE .**

Many volunters participated sharing the traditional Macedonian specialty, easter egs and fresg fruits. Our famious musiosans Vele Tosevski and Hristo Georgiev performed at the event giving a compleate Macedonian feeling. Many danced and sang, laugh and enjoyed the day.









## ПОЧИТУВАНИ ПЕНЗИОНЕРИ ПОВЕЛЕТЕ НА ПЕНЗИОНЕРСКИ РУЧЕК ВО ЧЕТВРТОК ВО ЦРКВАТА СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ

Пензионерското друштво "Гоце Делчев" од црквата Св.Климент Охридски во Торонто секој четврток во 12 часот сервира вкусен ручек за своите членови како и за добронамерниците кои ќе ги посетат тој ден.

Повелете зачленете се во овој клуб или посетете ги нашите сениори кои редовно се среќаваат овој ден во црквата Св.Климент Охридски.











## МАКЕДОНСКИ КУГЛАРСКИ КЛУБ “СВ.КЛИМЕНТ” МАКЕДОНСКИОТ КУГЛАРСКИ КЛУБ ГОДИНАВА ПРОСЛАВУВА ЈУБИЛЕЈ - ДЕСЕТГОДИШНИНА ОД ПОСТОЕЊЕТО

Македонскиот кугларски клуб ,,Св. Климент,, беше основан во 2013 година по иницијатива на Ренди Мојсоски, а во 2017 година беше едногласно прифатен како регистриран клуб при црквата Св.Климент Охридски во Торонто.

На почетокот во клубот членуваа неколкумина љубители на кугларството, а денес во клубот членуваат 36 играчи и повеќемина чекаат да бидат примени во редовно членство. До сега во овој клуб членуваа десетици Македнци и пријатели на македонскиот народ, а имаше сезони во кои членуваа и по педесетина играчи.

Клубот денес има своја лига со 10 тима кои преку годината се натпреваруваат секој понеделник почнувајќи од 7 часот навечер. Секој тим има свој капетан (лидер), кој се избира од првите десет најдобри играчи од претходната сезона.

Клубот се самофинансира од членството, а според можностите неколку пати во годината прави донации за црквата на која припаѓа.



До пред ковид пандемијата на крајот од секоја сезона се одржуваа банкет на кои беа прогласувани најдобриот тим на сезоната и најдобрите играчи во разни категории. На сите ним им беа доделувани пехари.

Преку годината клубот организира спортски натпревар по повод незвисноста на Република Македонија, а исто така еднаш годишно се натпреварува и со клубовите од другите националности кои играат во истата болорама.

Секоја година сѐ поголем број Македонци имаат желба да се зачленат во овој клуб, а тоа можат да го сторат на почетокот на секоја сезона која започнува во септември. Секој кој е полнолетен може да стане член на овој клуб.

Членовите на клубот се собираат за другарување, разонода и убаво минување на своето слободно време. Резултатот секогаш е поттик за спортки натпревар, но никогаш не претставува главна цел на доаѓањето во болорамата и дружењето со своите сонародници.









# ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА





Литературното друштво "Браќа Миладиновци" кое работи во состав на црковната општина „Св. Климент Охридски" во Торонто ја организираше културната манифестација



,,Денови на Македонската литература и култура,, во Торонто. Свечениот банкет се одржа на 13 мај 2023 година во големата банкетна сала на црквата каде што беше поставена изложба на македонски книги, предмети од богатото македонско културно наследство, апстрактни уметнички ликовни дела од Зоран Карапанчев и цртежи од познатиот македонски уметник Живко Поповски Цветин.

-Литературното друштво ,,Браќа Миладиновци е формирано на 6 март 1987 година. Првата литературна вечер, ја одржа во мај 1987 година по повод 126-годишнината













од излегувањето на познатиот Зборник на браќата Миладиновци и во чест на формирањето на друштвото.

Потоа на 1 јули 1989 година Друштвото ја печатеше првата публикација "Литературна мисла". Во првиот број на ова списание се застапени сите членови на друштвото со по една песна. Вториот број на "Литературна мисла" излезе од печат следната година, а во него членовите на друштвото се застапени со по неколку песни. Третиот број се појави во 1990 година, а во септември 1991 година, четвртиот број. Истата година излезе од печат книгата поезија на членовите на ова литературно друштво под наслов "Траги во времето", а во 1993 година делото под наслов "Глас од далечината". Во 2001 година излезе од печат стихозбирката "Мостови", во која сите членови се застапени со повеќе песни, (според пишувањата на Славе Катин).

Литературното друштво "Браќа Миладиновци" од 1989 година се јавува и како организатор на "Деновите на македонската култура и литература" во Торонто. Оваа манифестација се одржува во мај секоја година, на која учествуваат и гости од Македонија. Годинашната специјална гостинка од Македонија професор др. Виолета Ачковска за жал не беше присутна на банкетот од оправдани причини, но до Македонците испрати силни сплотувачки пораки кои беа проследени пред љубителите на убаво напишаниот збор..

На самиот почеток гостите ги поздрави претседателот на црковната управа во македонската православна црква Св. Климент Охридски во Торонто Борис Стоикос кој им посака срдечно добредојде. Веднаш по него, во име на друштвото претседателот на ,,Браќа Миладиновци,,. Зоран Карапанчев проговори за важноста на постоењето на македонскиот литературен јазик и македонското кирилично писмо, за историското дело на браќата Кирил и Методиј со создавањето на глаголицата и ширењето на писменоста, како и за важноста на ширењето на македонскиот литературен јазик во дијаспората преку отварање училишта по македонски јазик, како и востанување македонски библиотеки во црковните општини. Потпретседателката на друштвото и поранешен претседател Драгица Димовска ги претстави членовите на друштвото, кои прочитаа дел од своето творештво.

Со свои творби се претставија Благица Дафовска, Рада Видиновска, Каролина Ристеска, Магдалена Иваноска која прочита поема од авторот Зоран Иваноски придружувани од нежните музички акорди на акустичната гитара на Марко Матески.

На прославата на ,,Деновите на Македонската култура,, настапи и неделното училиште раководено од учителката Снежана Тешовиќ кои поединечно интерпретираа македонски песнички што наиде на воодушевување кај публиката.

За животот и делото на светите Кирил и Методиј говореше парохискиот свештеник во МПЦ Св. Климент Охридски во Торонто Александар Тодоровски.Вечерата беше благословена од свештените отци: Сашо Целески од црквата домаќин, како и Александар Тодоровски и Горан Рисетски од МПЦ Св. Димитрија Солунски од Маркам.

Банкетот во чест на ,Деновите на Македонската литература и култура,, во Торотно предизвика интерес кај пошироката македонска јавност и истиот беше посетен од бројни друштва и асоцијации, како и од управите на македонските православни цркви во Канада кои испратија свои претставници.

Следуваше забавен дел со музичките уметници Соња и Оливер, Менде Куновски и Стив Штуревски. Многумина ја збогатија својата домашна библиотека со книжевни дела од повеќе македонски автори кои таа вечер можеа да се купат.

.









Owners Robert Gill and Sue Eastwood

WORKPLACE SAFETY
RMG
rmgconsulting.ca

RMG are official IHSA COR external auditors. Our team of safety professionals can conduct your COR External Audit. Additionally, we can manage your safety program and assist in preparing your company for internal and external audits.

COR National Standard · IHSA.ca Work Safe for Life







## We are a premier boutique provider of occupational health and safety services.

We are approved by the Ministry of Labour, Immigration, Training and Skills Development to deliver Working at Heights and Working at Heights Refresher Training as well as Joint Health and Safety Committee Certification (JHSC-Part 1/Part 2/Refresher). We provide site safety inspections, consulting, administrative and management support. We offer all kinds of OHS training at our exclusive 4500 square foot training center located in Vaughan.




For more information
**CALL OUR TEAM**
**905 761 9030**
www.rmgconsulting.ca | sue@rmgconsulting.ca




## ХРИСТОС ВОСКРЕСНА!
## НАВИСТИНА ВОСКРЕСНА!



Најрадосниот и светол празник на Воскресението Христово – Велигден, го прославивме во торжествена атмосфера во нашата Македонска Православна Црква Св.Никола во Виндзор, со голема посетеност од нашите верници во текот на сите денови, а особено ноќта кога го објавивме Воскресението.

Благодарност до Црковната Управа со Претседателката, до членките на Женската секција и до сите волонтери за нивната активна помош пред и за време на Велигденските празнувања. Благодарност и до сите кои што донираа за купување на палмови гранчиња и цвеќе за Велигденските празници. Нивниот труд и великодушност придонесе да имаме беспрекорна организација и радосна прослава на Христовото славно Воскресение.

Нека Христовата светлина ја осветли темнината околу нас!

По молитвите на Свети Никола, Господ да ја чува и благослови нашата заедница.















**The executive board from the Ladies Auxiliary from St. Nicholas Macedonian Orthodox Church proudly presented a cheque for $10,000 to the church.**

Pictured from left to right, Ladies Auxiliary vice-president, Dr. Elizabeth Taleski, Ladies Auxiliary president, Milica Apostolovski, church president, Vera Najdovska, and Ladies Auxiliary Treasurer, Suzana Stojkovski.

The ladies group thanks everyone for their coffee hour donations and for supporting their fundraising events throughout the year.





# МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА “СВ.ИЛИЈА“


**MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH “ST. ILIJA”**
1775 Bristol Rd. West • Mississauga,
ON L5M 2Y5 (905) 821-8050
www.st-ilija.ca E-mail: admin@st-ilija.ca



**САЛАТА ПРИ ЦРКВАТА СВ. ИЛИЈА ВО МИСИСАГА СЕ ИЗНАЈМУВА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА : ПРИВАТНИ ЗАБАВИ, КРШТЕВКИ, ВЕРИДБИ, ПОГРЕБИ И ДРУГИ НАСТАНИ.**

**ОСВЕН ПРОСТОРОТ, ЦРКВАТА НУДИ И КОМПЛЕТНО МЕНИ СО ЈАДЕЊА ЗА ГОСТИТЕ.**
**КАПАЦИТЕТ: 150 ЛУЃЕ**

**ЗА ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ ЈАВЕТЕ СЕ КАЈ: ГОРНАН 647-710-3836 БИСЕРКА 416-319-4949**




# ВЕЛИГДЕН ВО ЦРКВАТА СВ. ИЛИЈА, МИСИСАГА

Велигден и оваа година беше најсвечено прославен во црквата Св. Илија во Мисисага. Со богослужбите раководеше отец Благој Пенев, а видливо беше присуството на парохијани во сите денови во очи на Велигден како и на ден Велигден на 16-ти април. Годинашни кумови кои го подарија ручекот се семејствата на претседателот на црквата Васко Недановски и Љубица Ласаж. Кумови за следната година се Боби Сандовски, Надица и Сашо Дилеви, Оливера и Трајче Алексовски и Соња и Игор Каснионвски.













# КОМИТСКА ВЕЧЕР 2023, СВ.ИЛИЈА, МИСИСАГА



Управата на Македонската православна црква“Свети Илија“ во Мисисага, на 22 април 2023 година, со почеток во 19.00 часот ја организираше традиционалната Комитска вечер во чест на сите загинати борци за слобода на Македонија. За расположението на вечерта, со македонски песни и ора, се погрижија естрадните уметници Соња Лозановска и Анета Наковска, придружувани од „Соња и Оливер бенд“ и Стив, како и талентираните фолклористи на групата “Илинден“. Програмата ја водеше претседателката на Женската Секција на црквата, Весна Трајковска, а присутните ги поздравија претседателот на Управата Васко Недановски и авторот на овие редови, Славе Катин, како гостин од Македонија.



На Комитската вечер присуствуваше надлежниот архиереј на Американско – канадско- македонската епархија, митрополит Методиј со свештеникот на црквата „Свети Илија“ отец Благој Пенев, свештениците: Гоце Деспотовски од црквата „Света Богородица “ од Кембриџ, отец Ангел Станчев од црквата „Свети Наум Охридски“ од Хамилтон и други свештеници на Епархијата, кои заедно ја отслужија вечерната молитва.

Исто така, на Комитската вечер, присуствааа и гости од управите на други македонски православни цркви, македонски друштва и асоцијации, како и Боби Темелков, претседателот на Светскиот Македонски Конгрес за Канада, потоа дипломатот Јовица Палашовски, кумовите на „Комитската вечерт“: Роберт и Весна Качурови, Панче и Изабела Андови, Марјан и Ели Леови, Мики и Билјана Доневи и други. Гостите беа послужени со богато мени на традиционалната македонско-канадска кујна што ја подговија повеќе души на чело со Гоце - Горан Јовановски. Комитската вечер во црквата „Свети Илија“ беше збогатена со прекрасните игри на младите и талентирани играорци на фолклорната група “Илинден“ што ја води Ненад Попоски. Групата „Илинден“ е формирана во 1980 година, а во неа досега членувале неколку десетици Канаѓани од македонско потекло, кои настапиле на бројни фестивали и други манифестации. Голем успех оваа група постигнала на „Илинденските денови“ во Битола и во други градови ширум Република Македонија. Исто така, значаен успех играорната група „Илинден“ постигна во летото 2022 година, при гостувањето во повеќе градови во Македонија. Посебно треба да се нагласи дека тие талентирани македонски фолклористи биле учесници на сите црковно - народни собири што Американско-канадско-македонската епархија ги организирала во Канада и Соединетите Американски Држави.

Во мај годинава тие настапуваат во Њу Церси и Тотова каде што ќе одржат концерти за Македонците во Америка.

Пишува: Славе Катин.
Фото: Боби Темелков и Зоран Карапанчев









# ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА МАЈКАТА ВО МИСИСАГА





Денот на мајката, 14 мај на скромен начин беше одбележан во македонската заедница во Мисисага. Женската секција на црквата Св.Илија со претседателката Весна Трајковска го започнаа настанот со послужување на разноврсни блага, како и други тестенини приготвени од членките на секцијата. Сето тоа беше дел од годишниот базар што секоја година женската секција го приредува.

Од програмскиот дел беше и промоцијата на книгата на писателката Вера М Самарјанин под наслов "За секого понешто". Таа се осврна кон присутните посебно на младите," Колку ќе ми причинува задоволство ако мојата книга достигне до рацете на младите читатели, еве овие што се денес пред мене и рецитираат стихови од македонски поети,
тоа да го прават и со мои песнички од книгата што ја нудам". Како благодарност поетесата Самарјанин подари портрет со цртеж на цвеќе од авторот Живко Поповски-Цветин на претседателот на Св. Илија Васко Недановски, на претседателката на женската секција Весна Трајковска и на претседателот на пензионерското друштво Горнан Јовановски, а на децата од неделното училиште за библиотеката им подари сликовници и книги. Благодарница беше подарена за нејзиното присуство од управниот одбор на Св.Илија.

Одбележувањето на денот на мајката беше збогатен со претставата на "Македонски весели бисерчиња" театарче од неделното училиште при МПЦ Св. Илија . Тие пред многубројната публика се претставија со песнички и рецитации
насловени за мајката, како и честитки и пораки до сите мајки во светот.Горнан Јовановски









## УСПЕШЕН ПРОЛЕТЕН БАЗАР ВО СВЕТИ ИЛИЈА









**Пензионерското друштво "Ривер сајд" при МПЦ Св.Илија-Мисисага,ќе подготви специјален ручек во недела 21 мај, посветен на Владе Мачковски, по повод шестгодишниот помен.**

Владе Мачковски беше познат по неговата дарежливост на црквата Св.Илија, и еден од основачите на македонската црковна заедница во Мисисага. Ручекот го подарува семејството на Тодорка Мачковска а ќе се послужува веднаш после светата Богослужба.
Придружете ни се!

**Senior Citizens Club "River side" St. Ilija Macedonian Orthodox Church- Mississauga,is organizing lunch on Sunday May 21st in memory (6 years) of Vlade Mackovski.**

Hi was one of the most generous person in the St. Ilija church, and one of the founder of the Macedonian church Community in Mississauga.
The food is donated by Todorka Mackovska family, and will be served fallowing church service.
Please join us!



# МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА СВЕТА НЕДЕЛА, ЕЈЏЕКС ОДБЕЛЕЖА 30 ГОДИНИ ОД ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ГРАДБА, И ЕДНА ГОДИНА ОД ПРЕОСВЕТУВАЊЕТО






На 6-ти мај денот кога Македонците ширум светот го прославуваат празникот Ѓурѓовден, симболичен во македонската традиција, како ден кога се е разеленето и кога природата цвета, Македонската Православна Црква Света Недела од градот Ејџекс го одржа пролетниот банкет. Поводите беа два, и обата со силна содржина, триесет години од иницијатиата за изградба на црквата и една година од преосветувањето на храмот.

Визуелно за око пријатна, салата на црквата со прекрасни цветови и зелени гранчиња на секоја маса, величествено и празнично ги пречека гостите кај кои повеќе од очигледна беше радоста и желбата да ја споделат вечерта со своите пријатели во оваа црква.



















Свеченоста ја отвори водителката Соња Лозановска која ги претстави гостите, за потоа претседателот Славе Бунтески да им се обрати посакувајќи им среќен именден на тие кои го носат името по светиот Ѓорѓија, но и да ги потсети на се убаво што се случува во последниот период во црквата.

Тој на симболичен начин ги поистовети со пчелите кои што од цветовите произведуваат мед, така и нашите парохијани сложни и доброчинителски си ја сакаат црквата и и' даваат се од себе секојдневно да се разубавува и збоготува со содржини.

Последниве месеци со доаѓањето на советничката Маја Димитриевски во црквата Света Недела многу значајни активности се одвиваат за добробит на Македонците. Така неодамна беше формирано пензионерско друштво за Македонците од Ејџекс, а наскоро ќе отпочне и летниот камп –единствен засега во македонската заедница во Канада. Госпоѓа Маја за својата волонтерска работа беше наградена со благодарница. Исто така благодарница за вложен волонтерски труд добија и Александар Ристески и Ема Сара Мицевска кои лично им ги врачи госпоѓа Димитриевска. Благодарница и беше врачена и на претседателката на женската секција Милица Попоска за нејзината непрегорна работа , а букет свежо цвеќе и беше подарен и на готвачката Марија Ангелевска.

Банкетотот топло го поздравија и Викторија Божиновски советник на градот Витби и Мајкл Радослав претставник на највисокото тело во државата, парламентот на Канада. Тој притоа на господин Бунтески за црквата Света Недела му врачи признание за нејзината важност и работа во заедницата.



Продлжува на следната страница..

# МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА СВЕТА НЕДЕЛА, ЕЈЏЕКС ОДБЕЛЕЖА 30 ГОДИНИ ОД ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ГРАДБА, И ЕДНА ГОДИНА ОД ПРЕОСВЕТУВАЊЕТО

На банкатот присуствуваа членови на управите од повеќе македонски православни цркви, а особено впечатлив беше патриотскиот говор на поранешниот генерален конзул на Република Македнија во Торонто Јовица Палашевски кој беше придружуван од неговата сопруга Ивона. Банкетот го благословија парохискиот свештеник Александар Зашов и отец Гоце Деспотовски од црквата Света Мала Богородица од Кембриџ. Во програмскиот дел настапи играорнта група ,,Везилка,, со кореографии на Зоран Зафировски, а во забавниот дел Соња и Оливер Бенд со Стив Штуревски и Менде Куновски.
Послуженото мени беше богато и разновидно, со префинет вкус за целосно задоволство на сите сетила.














**We are thrilled to receive the confirmation of Articles of Incorporation and the Certificate of Incorporation for CANADIAN MACEDONIAN SENIORS, AJAX INC.**
**This non profit organization will provide many fun activities for our seniors: cards, crafts, day trips, fitness programs, guest speakers etc.**

**SO LET THE FUN BEGIN!**

**Почитувани, радосни сме што ја добивме потврдата за Статутот за основање и сертификатот за основање за КАНАДСКО-МАКЕДОНСКО СПЕНЗИОНЕРСКО ДРУШТВО ВО ЦРКВАТА СВЕТА НЕДЕЛА, ЕЈЏЕКС.**
**Оваа непрофитна организација ќе обезбеди многу забавни активности за нашите постари лица: картички, занаети, дневни патувања, фитнес програми, гости говорници итн.**

**ЗАТОА ДА ПОЧНЕ ЗАБАВАТА!**



# ЈАНЕ САНДАНСКИ - ПИРИНСКИ ЦАР

**( 31 мај 1875 – 22 април 1915 )**

***151 година од раѓањето и 108 години од смртта на Јане Сандански***

***По повод 108 години од трагичната смрт на Јане Сандански минатиот месец, на 22 април, во Мелник, на гробот положија венци делегации на Македонци од Бугарија, Македонија, Грција и Албанија, а меѓу нив беше професорката и поетеса Виолета Ачкоска од Скопје.***



**Пишува и уредува Благица Дафовска**

Оваа година се одбележуваат две годишнини за една значајна историска личност со познато историско име -Јане Сандански, кој е опеан вомакедонските народни песни и врежан во колективната меморија на народот, а преку неговите херојски подвизи ќе го прославиме неговиот живот. Ако погледнеме низ страниците од историјата на македонскиот народ видливо е дека личноста на Јане Сандански нераскинливо е вткаена во македонското револуционерно ослободително движење, во традицијата и вомакедонската народна песна. Неговото име вечно ќе се слави и ќе се паметува.

ЈАНЕ САНДАНСКИ- еден од најголемите македонски синови, кој заслужено бил наречен „Пирински цар“ е роден на 31 мај 1875 г.во с. Влахи, Пиринска Македонија, во сиромашно семејство на Иван Сандански. Во 1877 г. за време на Руско-турската војна, неговите родители избегале во Горна Џумаја (Благоевград) По задушувањето на Крестенското востание семејството Сандански се преселило во Дупница во Бугарија, каде Јане го минал детството и ја почувствувал горчината на турското ропство и тешкиот живот на народот. Завршил основно училиште, изучувал занает и два класа прогимназија. Почнал да чита револуционерна литература и успеал културно да се издигне; ги проучил Делчевите идеи, се борел против врховистите. Воената обврска ја отслужил до 1894 г. и се стекнал со воена вештина. Во Дупница се истакнал како напреден младинец, заедно со младинците и учителите го основале друштвото за самообразование „Младост“ на кое бил и претседател. Во 1893г. младите македонски интелектуалци веќе ги поставиле основите на Внатрешната македонска револуционерна организација која ја проширила својата организациона мрежа во Македонија и во Бугарија. Во 1899 г. дознал за дејноста на Македонската револуционерна организација, при што била планирана и првата негова средба со Гоце Делчев која била од голема важност и доживување за Сандански:

„Во тоа време веќе бев доста запознат со работите во Македонија. Од Никола Малешевски дознав доста работи, а од друга страна и од Делчев, со кого првпат се сретнав во 1899 г. во Дупница, дома кај мене. Делчев добро ме запозна со целите на Внатрешната организација ... Јас веднаш разбрав дека Делчев е навистина човекот кој детално ја познава Организацијата“.

Ослободителните насоки на македонскиот народ од 15-годишната тешка борба со многу непријатели го имаа својот херој во ликот на Јане Сандански кој сонеговата борбеност и решителност останал доследен на македонските ослободителни стремежи. Во 1895 г. учествувал во Мелничкото востание. Долгогодишното учество во движењето, Сандански го издигна како крупен револуционерен стратег, храбар борец, државник и политичар.



Тој е познат и како заштитник од експлоатацијата на чифлигарите со свој план за разрешување на аграрното прашање и формирањето на народната федеративна партија која барала автономија во федерација на Отоманската империја и созаштита на конституцијата што ја даваше прогресивната организација на македонските учители. Сандански е познат и соодбивањето на обезоружана и неподготвена организација на населението од Серскиот и Струмичкиот реон. Подготовките за Серскиот револуционерен округ ги започнал Гоце Делчев, а по неговата смрт, биле продолжени под раководство на Сандански.Неговиот хероизам и бурните воени настани народниот пеач детално и сликовито ги опеал во „Песна за Јане“, цитирам:

**„Роден како слугинче, роден како кмет**
**Ај дај бог да не бидам роб на овој свет.**
**Грабна пушка замина на Пирин планина,**
**Ај на Пирина собра верна дружина.**
**Е, еј, Јане море Сандански,**
**Царот Пирински“...**

Во 1901 г. раководел со мала чета, претходно договорен со Гоце, преминал преку турско-бугарската граница и останал во Пиринска Македонија. Преку Македонското ослободително движење тој решително се борел против отворениот врховизам на соседните балкански држави кон Македонија: Бугарија, Грција и Србија, и за уништување на турското ропство и друго туѓинско господарење во Македонија, спроведувајќи го ова заедно со ВМРО.

Околу подготовките на Илинденското востание се искажувал дека востанието е предвремено и неподготвено. Но, сепак во Битолско, Сандански ги помагал востаниците со диверзантски акции во Пиринско, далеку од населението неподготвено за масовно востание.Царот Пирински-учесник во Илинденското востание и балканските војни, жестоко се борел против непријателот понесен од неговата мисла: „Не бугарска Македонија сакаме ние, туку МАКЕДОНИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ, Македонија ослободена од тиранијата“ После многу битки што ги водеше до крајот на неговиот живот, овој легендарен војвода кој се стави во служба на народот, дојде и судбоносниот час; на 22 април 1915 г. кога патувалод Мелник за Неврокоп, бил убиен од врховистите. Смртта на Јане го ражалости македонскиот народ, а народот го овековечи во народните песни. Неговата смрт е опишана и оплакана вопатриотската песната:

**Кога падна на Пирина, ранет Јане Сандански,полетаа три сокола и на Јане зборея:**
**Ајде Јане со нас дојди, ние лек ќе најдеме.**
**Мајка Македонија за таков јунак лек ќе најде**
**Први сокол ќе те носи горе в Пирин планина**
**Втори сокол ќе те носи дур до Белото море,**
**Трети сокол ќе те носи долу крај Вардара.**
**Белким ти ќе оздравиш Македонија да ослободиш“**

Ревполуционерниот дух на Јане продолжи да бие во срцата намакедонските револуционери и сомирољубив аманет за идните поколенија.

Годинава славиме две годишнини; 151 година од неговото раѓање кое ќе се одбележи на 31 мај. На 108 годишнината од неговото убиство во Мелник Пиринска Македонија се одржа Семакедонски собир пред спомeникот на Сандански од македонската партија ОМО Илинден Пирин со говор против асимилацијата на македонската нација во Бугарија. Мелозвучниот ритам од горецитираната песна за Јане, ечеше на Семакедонскиот собир во Мелник симболизирајќи го неговиот патриотизам, хероизам и самопожртвованост:

**„Ој те вие три сокола, в срце луто сум ранет,**
**Остајте ме тук да умрам,**
**лек мене не лекува,**
**Македонија**
**други ќе роди, ќе ја ослободат“**

Борејќи се до последниот здив го искажа неговиот оптимизам и надеж дека после него ќе дојдат и други ослободители на Македонија. На надгробната мермерна плоча запишана е неговата значајна мисла:

Да живееш значи да се бориш. Робот - за слобода, а слободниот – за совршенство.Неговото дело и мисли и денес претставуваат траен историски капитал, пример достоен за почит кое најде инспирација во литературното и уметничкото творештво, како и кај Македонците во иселеништвото.

**- ВЕЧНА МУ СЛАВА !**

## ВТОРО ИЗДАНИЕ НА „2 АВГУСТ“ ПЕЧАТНИЦА ОД ШТИП ИЗЛЕЗЕ ОД ПЕЧАТ ЗБИРКАТА ПОЕЗИЈА „ВЕЧНА ЉУБОВ“ ОД ПОЕТЕСАТА КАРОЛИНА РИСТЕСКА

Каролина Ристеска е позната во јавноста, посебно среде македонската дијаспора, по својата интензивна активност во промовирањето податоци за македонската историја и култура, како во социјалните мрежи, така и во некои електронски портали.

Во поетската збирка првенец под наслов „Вечна љубов“ поетесата Каролина Ристеска ни се претставува со вкупно педесет и шест песни, поделени во два циклуса, на кои љубовта им е заедничка компонента. Во првиот циклус (што се состои од четириесет и една песна) содржински главно доминира љубовта кон спротивниот пол, а во петнаесетте песни од вториот циклус опеана е љубовта кон Македонија, т.е. нејзината историја и сегашност.

Во својот осврт кон песните на Ристеска, писателот Александар Донски ќе запише:

Песната „Птица“,посветена е на птицата во која симболичната персонификација претставена како птица, која стои на работ од гребенот, е обвиена во мистичен облак низ кој само делумно се назира нејзината суштина, препуштајќи му на имагинацијата на самиот читател да протолкува дали птицата во оваа песна ја симболизира љубовта или можеби е симбол на слободата или можеби на нешто сосема трето?

**Еј, птицо,**
**што стоиш на гребенот стрмен. Не се плашиш ли и ти од него?**
**Не знаеш ли за бездната долу**
**што проголта илјадници како тебе?**




Во циклусот патиотски песни, Ристеска се концентрира како на природната и родена љубов кон татковината Македонија, така и кон опејување на истакнати личности од македонската историја (Александар Трети Велики Македонски, свети Наум, цар Самоил, Гоце Делчев, јасновитката баба Ванѓа, но и на личности од нашата современост). Каролина Ристеска е родена на 30 јули 1973 година во Скопје, Македонија. Основно образование завршила во ОУ „Вера Јоциќ“, а средно во ПТТ „Владо Тасевски“. Како првенец на генерацијата Каролина е мотивирана да го продолжи образовниот процес. По две години на Правниот факултет запишана како вонреден студент одлучува да го напушти и да се запише на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломира и се здобива со диплома за професор по одделенска настава. Работи како учителка неколку години, а во 2008 година заминува со фамилијата на печалба во Саудиска Арабија. Од 2016 година со семејството живее во Торонто, Канада.

Љубовта кон пишаниот збор Каролина ја стекнува уште во својата рана младост од нејзината мајка која исто така пишувала поезија. Талентот и љубовта кон пишувањето секогаш биле наградувани од нејзината наставничка по македонски јазик. Учествувала на литературни натпревари, литературни читања, приредби и драмски секции. Пишувала и уредувала ударнички (бригадирски) весник во летото 1988 година во Жужемберг, Словенија. Во 2003 година добива награда за поемата „Прости ▯“ на конкурсот организиран од редакцијата на Првата програма на Македонската телевизија (МРТВ1) со учество во емисија за литературно читање. Во 2013 година била иницијатор и еден од организаторите на културната манифестација „Роденденот на цар Александар Трети Македонски“. Денес Каролина пишува за весникот „Македонија“ од Торонто, активно соработува со македонските цркви во Торонто, а свои текстови објавува и во електронското списание „Македонска нација“. Каролина е член на литературното друштво "Браќа Миладиновци" при Црквата "Свети Климент Охридски" од Торонто, Канада. Нејзините амбиции кон пишувањето на поетски, прозни, историски и новинарски текстови не престанале да постојат до ден денес. На почетокот на месец јуни ќе се одржи промоција на книгата ВЕЧНА ЉУБОВ во свечената сала на Црквата Света Недела во Ејџекс. Сите сте добредојдени!

**Извадок од Македонска НАЦИЈА**

# ALUMNI STUDENT NETWORKING EVENT




*AMSUT hosted a networking event on May 11th at the Hart House Debates Room for all former, current, and soon-to-be UofT students. The idea was to help you connect with your peers, explore career opportunities, and make friends in the Macedonian-Canadian community.*
*Light refreshments were served.*
*AMSUT thank to everyone who came out to this networking event!*
*-It was great to see both current UofT students and UofT alumni meeting and establishing connections!*
*Thanks to all the members that helped organize this event. And, a special thank you to our past and current execs that have put in tremendous hours to allow AMSUT to get where it is today. Here's to many more years!*















# Млади Македонци, Млади Активисти

**ВО ОВОЈ БРОЈ НА ВЕСНИКОТ, А ВО РУБРИКАТА “МЛАДИ МАКЕДОНЦИ,МЛАДИ АКТИВИСТИ”**
**ВИ ЈА ПРЕСТАВУВАМЕ МЛАДАТА И ТАЛЕНТИРАНА АНАСТАСИА ГРАЖДАНИ**

## „ЛЕТНИТЕ РАСПУСТИ МИ СЕ НАЈУБАВИ ВО РОДНИОТ КРАЈ НА МОИТЕ РОДИТЕЛИ ГОРНА ГОРИЦА КОЕ СЕ НАОЃА ВО МАЛА ПРЕСПА„.



МК) Здраво Анастасиа. Дали би сакала на почетокот да ни кажеш нешто повеќе за себе и за твоето семејство

-Најпрво би сакала да ви се заблагодарам на поканата и да ги поздравам сите ваши читатели. Јас се викам Анастасиа Граждани и имам 16 години. Родена сум во Скопје, Р.Македонија. Додека бев многу мала моите родители се одлучија да се преселат во Канада. Инаку, моите родители потекнуваат од Горна Горица кое се наоѓа во Мала Преспа, Р.Албанија. Морам да кажам дека мноу често,за летните распусти, одиме и ги посетуваме како Македонија, така и родниот крај на моите родители каде што имаме мноу роднини и пријатели и каде што се чувствувам прекрасно.

МК) Знаеме дека твоите родители, Насте и Елда, се многу активни во Македонската Заедница во Канада. Дали може да се потсетиш кои беа твоите први почетоци, први активности во нашата заедница?

- Секако дека се сеќавам. На моја 4-ри годишна возраст моите родители ме запишаа во Неделното Училиште за Македонски јазик при Св.Климент Охридски во Торонто. Моја учителка ми беше Блага Дафовска. Многу поздрави до неа. Таа многу грижливо се обидуваше младите да го научат македонскиот јазик. Многу сум и благодарна за тоа. Скоро во исто време почнав и со активно учество во играорната група “Македонка”. Најпрво во најмалата група, за потоа почнав да настапувам и во средната група “Млади Македонки”. Веќе неколку одини настапувам во сениорската група. Морам да напоменам дека играњето во “Македонка” ми причинува големо задоволство. Прво, поради тоа што со тоа ја негуваме и шириме македонската традиција и култура, а и поради фактот што таму се запознав со многу други Македонци и Македонки.

МК) Од горе кажаното, се гледа дека си многу зафатена и дека покрај училиштето и учењето останува многу малку слободно време за некое хоби. Но, да прашаме, дали останува време и дали имаш некое хоби надвор од овие активности?

-Точно е дека останува мноу малку слободно време,но ако добро се организира може да се стигне насекаде. Уште како многу мала го засакав пливањето. Пливањето ми причинува задоволство и релаксација. Таму се чуствувам како “риба во вода”хе,хе,хе. Како играењето така и музиката е дел од мојот живот. Како мала почнав со свирење на пиано и еве до ден денешен секогаш се обидувам да најдам време за свирење на тој магичен инструмент. Но, на едно хоби сум навистина многу горда а тоа е плетењето. Љубовта кон ова хоби ја добив од мојата мајка со која сеуште знаеме понекогаш да седнеме и заедно да плетеме. Плетењето за мене не е само хоби туку и продолжување на традицијата која во нашата фамилија се пренесува од колено на колено.

МК) За на крај дали имаш некоја порака за нашите верни читатели?

-Секако дека имам. Би порачала на сите мајки и татковци,баби и дедовци кои ќе го прочитаат ова да почнат да ги носат своите деца и своите внуци во која и да е македонска заедница во Канада. Овде не само што ќе се запознаат со македонскиот јазик, македонската култура и традиција, туку најважно е што ќе стекнат големи,вистински пријателства кои ќе останат за довека.

МК) Ти благодариме Анастасиа на ова прекрасно интервју и ти посакуваме многу успеси во твоите идни активности.

-Ви благодарам и на вас, и уште еднаш, голем поздрав до вашите верни читатели.

**Подготвил Диме Костов**

FINO fine foods
Proudly supporting the Macedonian Youth in Canada!
www.finofinefoods.com

# ТОДОР ЛАЗАРОВ ШТИПСКИОТ РЕВОЛУЦИОНЕР



Тодор Лазаров Хаџидимитриев бил роден во градот Штип во 1869 год. во месец мај. Тој потекнува од доста видно и доста познато семејство Хаџидимитриеви. Во неговиот вилает каде што живеел немало човек кој него познавал, него и неговото семејство, другарувал со секого. Тодор Лазаров завршува 6ти клас во солунската машка гимназија Св.Кирил и Методиј, која во тоа време се сметала како една од највлијателните и најуспособените образовани центри на балканот и пошироко. Оваа установа беше основана од страна на македонскиот преродбеник Шапкарев во 1880 год. Таа значеше како место или центар каде се создавало јадрото на македонското револуционерно движење и поистакнатата македонска елита, што ќе стане алка на тогашната македонска интелигенција што туку се вродува, што ќе има општествена задача да го преобрази македонскиот човек, да создаде цврсто тло и да го обедини и сплоти за борба против тиранијата. Во оваа гимназија среќаваме една низа на македонски јавни и познати личности, учители кои предавале во оваа институција, од кои: Кузман Шапкарев, Григор Прличев, Константин Величков и други, а од познатите македонски револуционери кои своето образование го стекнале токму тука биле: Гоце Делчев, Даме Груев, Тодор Александров, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Петар Поп Арсов и други. На Тодор Лазаров му се исполнила желбата со назначувањето за прогимназиски учител во родното место Штип. По извесно време тој сватил дека секако учителската работа како да не му била постојана преокупација, па по една година одлучил да го напушти училиштето. Тој беше идеалист со возвишени цели и трагач кон недофатливото, но во овој момент ќе треба да се определи кон нешто сосема ново и различно . Имајќи предност кој прилично ги зборувал јазиците турскиот и францускиот, тој ќе почне да се занимава со трговија, но сепак тој го гледа измачувачкиот живот на македонското население под стегите на турскиот апсолутизам, па затоа неговата смислена идеја за да помогне со нешто, трајно го обзема. И така опкружен од разните пропаганди и притисоци кој ги врши бугарската буржоазија на чело со премиерот Стефан Стамболов, а овој бил со протурска политичка ориентација а сето тоа оди во штета на македонските интереси кои доправа ќе треба да созреваат. Тоа созревање на македонското чувство се јавува константно и кај Тодор Лазаров , за тој по подолго размислување и разоткривање на сите можности и чувства, кој за него се припишуваат како одминат копнеж, но за него тоа значи народно чувство и обврска, затоа за исполнување на неговата цел ќе мора да ги бара во рамките на некое македонско здружување и дејствување. Тоа ќе го поттикне за да се најде во редовите на револуционерниот комитет на МРО (Македонската револуционерна организација) која тогаш активно делувала во Штип и околината. Во штипскиот комитет ќе членува од 1894 до 1895 година, во кое време ќе има средби со Даме Груев од кој ќе добие и голема подршка. Тој овде ќе ја согледа првата виделинка на Македонија, и така ќе остане траен, достоен и верен на македонското ослободително дело. Револуционерната акција на Лазаров по сите изгледи започнала во 1896 година , тогаш заедно со Ѓорче Петров и Мише Развигоров извршуваат ликвидирање на Јордан Бабамов, поради неговата про српска настроеност, за потоа да биде уапсен. Во текот на виничката афера во 1897 година, која фактички беше и првата борбена акција на Македонската револуционерна организација, што ова придонесе да се наруши нормалното функционирање на отоманската империја и нејзиното управување , а додека МРО вдахна висока доверба кон сиромашното македонско население од кое очекува голема подршка и неговото вклучување во револуционерните редови. Овој потфат ја прошири мрежата на револуционерните движења за оние недостижни македонски идеали и копнежи. Колку тоа била достоинствена идеја и престижна постапка, а од негативната страна , организацијата по Виничката афера ќе загуби голем број на оружје и затворна казна на голем број , поточно биле уапсени 592 лица од кои имало 30 учители и свештеници и некои од револуционерните дејци. Виница било место за складирање на оружје и место на средби на поистакнати револуционерни водачи. Аферата се случила на 15 ноември 1897 година, со што била нападната разбојничката чета на Касим бег , кој се богател од сиромашното население. Четниците го убиле бегот а од неговиот дом било земено 800 турски лири. Следниот ден бран од турски војници го поплавиле Виница и околината каде што настанале големо убиство, плачкосување, обесчестување, запленето многу оружје што се криело од организацијата по селските куќи . Поткажано од селаните, турските војници вршеле претрес во сите куќи во Виница, штипско, кратовско, Паланечко , радовишко, кумановско, Скопско, и други кази. Во оваа афера бил уапсен и Тодор Лазаров, Миле Развигоров, Петар Поп Арсов и други, а имало и доста убиени соучесници и поддржувачи на организацијата. Во 1899 год. Лазаров повторно бил уапсен и бил осуден на 4 години затвор кој го издржувал во Скопје и Приштина. Во 1905 година, по илинденското востание Тодор Лазаров повторно ќе биде уапсен заедно со Др. Петар Кушев. Но за негова среќа по неуспехот на младотурската револуција која започнала во 1908 година тој бил помилуван. Младотурската револуција била организирана од турската националистичка партија која била основана кон крајот на 19 век, воедно таа била позната и како Комитет за единство и прогрес (КЕП) . Тие не ги прифаќале реформите на апсолутната власт на Султанот Абдул Хамид II, и со оваа револуција тие сакале да воспостават нови по прифатливи реформи, нови процеси на политичка трансформација . Ова се случувало во времето кога големите европски сили и тие не ги прифаќале реформските процеси што ги спроведувал Султанот, па затоа и вршеле силен притисок врз османлиската империја за промени во управувањето. За нив било важно економијата, посебно трговските придобивки што тие ги користеле од Турската империја. Кога империјата почнува да заслабнува тој момент ќе го искористи младата турска интелегенција која ќе се организира со цел да се избори за ново политичко преобразување. Тоа не задоволство ќе се изрази на 13 април 1909 година, кога ќе избувне востание против младотурците оти и во нивно владеење ништо не се изменило, состојбата била уште по неподнослива, и така тие биле победени и истерани од парламентот, а некои побегнале дури во Солун за да се заштитат. По извесно време тука тие пак ќе се организират во така наречената армија на акцијата , во оваа армија учествувале и Јане Сандански,Тодор Паница и Христо Чернопеев, придружени од околи 1 200 македонски револуционери. Борбата траела само три дена и на 24 април 1909 год. Контрареволуцијата била совладана а на 27 април Султанот Абдул Хамид II бил сменет а на негово место е поставен Мехмед Решад v. Тој бил 35 Отомански султан. Султанот Абдул Хамид II по загубата како казна бил прогонет во Солун. Според некои сознанија , патувајќи за Солун, на еден младотурски офицер во разговорите му го рекол ова: “Македонија е една убава роза со големи боцки. Откако ме отстранивте од престолот, соседните држави меѓусебно ќе се убијат по оваа роза.” И токму така како што рече султанот, по три години избувнуваат балканските војни, баш за таа македонска роза за кој да ја грабне. И на 10 август 1913 македонската роза беше поделена помеѓу Грција, Бугарија и Србија а покасно и Албанија. Животот на Тодор Лазаров не бил многу долг за да ги оствари неговите мечтаења. Тодор Лазаров се смета како прв македонски современик кој го направил преводот на Шекспировото дело “Венецијанскиот Трговец”, тоа го прави додека бил во затвор во либанскиот град Триполи, во својата ќелија во април 1908 година. Тодор Лазаров Хаџидимитриев преводот го прави на чист штипски дијалект. Во некое време тој и самиот бил трговец, па така вообичаено доаѓа и инспирацијата да изврши превод на едно вакво капитално дело.

ГОРНАН ЈОВАНОВСКИ



Canada

**Драги Македонци, доколку не сте во можност лично да ја предадете декларацијата на лице одредено за собирање на декларициите, можете слободно декларацијата, (приложена во весникот, погледни десно), да ја отпечатите или одрежете и да ја пополнете и испратите по пошта.**

**Вашите уредно пополнети декларации за одбрана на името на Македонската Православна Црква Охридска Архиепископија можете да ги испратите на адреса:**

**Canada**
**WMC CANADA**
**PO Box 88072**
**Mississauga PRO Levi Creek**
**ON, L5N8M1 Canada**

**Да ни е вечна Македонија и Македонската Православна Црква Охридска Архиепископија!**
**Светски Македонски Конгрес Канада**

**Со чиста совест, искрено и без принуда, под морална и материјална одговорност ја давам следната изјава во форма на ДЕКЛАРАЦИЈА.**
**Јас, ______________________ од татко ______________ и мајка ______________**
**со адреса ______________________, град ______________, по етнос ______________ вера ______________ кон/тел.______________**
**мејл______________________**

**ЗНАЕЈЌИ** дека Македонската православна црква - Охридска архиепископија е Апостолска црква со преемство од Светиот Апостол Павле,

**ЗНАЕЈЌИ** дека Македонската православна црква - Охридска Архиепископија е една и единствена легална и легитимна канонска наследничка на древната автокефална Охридска архиепископија патријаршија и Јустинијана Прима,

**ЗНАЕЈЌИ** дека Македонската православна црква е помесна автокефална црква која претставува дел од Едната Света Соборна и Апостолска Црква, а

**ЗАГРИЖЕНИ** за името, статусот и достоинството на Македонската православна црква - Охридска архиепископија,

**НИЕ,** Македонците по род и државјанство, Ние, верниците во Македонската православна црква - Охридска архиепископија, прокламираме

**ДЕКЛАРАЦИЈА**
**ЗА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА - ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА**

**(1) Го отфрламе секој обид на Светиот архиерејски синод и на Црковно-народниот собор за промена на Уставот на Македонската православна црква - Охридска архиепископија (МПЦ-ОА) со цел промена на нејзиното име, статус и достоинство, како велепредавство на МПЦ-ОА, Македонскиот народ и државата Македонија!**

**(2) Отфрламе било каква промена на титулата на поглаварот на МПЦ-ОА во односите со секој и со сите, во светот и татковината, освен Архиепископ Охридски и Македонски и на Јустинијана Прима, кој сеословува со Ваше Блаженство.**

**(3) МПЦ-ОА е еден и единствен сопственик на сите цркви и манастири во државата Македонија. Сите цркви и манастири во државата Македонија се под јурисдикција на МПЦ-ОА.**

**(4) Отфрламе име за внатрешна и име за надворешна употреба на МПЦ-ОА.**

**(5) Македонските православни епархии надвор од границите на државата Македонија може да бидат само под јурисдикција на МПЦ-ОА.**

**(6) Нема да дозволиме македонска црква и манастир во државата Македонија да стане ставропигијален на друга црква.**

**(7) Отфрламе евхаристиска заедница и канонско единство на МПЦ-ОА со Православната црква на Украина под јурисдикција на Цариградската патријаршија.**

**(8) И покрај сите разлики и историски хипотеки, сметаме дека македонското црковно прашање е затворено со патријаршиот и соборски Томос за автокефалност на Македонската православна црква - Охридска архиепископија од Српската православна црква - Печка патријаршија од 5 јуни 2022 година.**

**(9) Го повикуваме Светиот архиерејски синод на единство во одбрана на името, статусот и достоинството на МПЦ-ОА.**

**(10) Предупредуваме дека никој нема право да го менува името, статусот и достоинството на МПЦ-ОА, бидејќи тоа е антихристијански и антиисториски!**

**ДЕКЛАРИРАЛ**

______________________
**Потпис/име и презиме**

# БЛАЖЕНИ СЕ БЕДНИТЕ ПО ДУХ...

## “Блажени се бедните по дух...“ (Матеј 5:3).

*Учењето на Православната црква се сосотои во: учење за верата; и учење за моралот.*



Rev. Ilija Donev
ilijadonev@gmail.com
(416) 898 - 0496

Учењето за верата го опфаќа учењето за Бога, за Света Троица, за Господ Исус Христос, за Пресвета Богородица, за светите Ангели, за светителите, за Црквата и за задгробниот живот или животот после телесната смрт. Тоа најкратко е изложено во Символот на верата.

Учењето, пак, за моралот го опфаќа учењето на Црквата за моралното однесување и духовното усовршување на човекот. Што е христијански морал? Најкратко речено, христијанскиот морал е практично исповедување на верата. Законот за моралот е даден во Десетте Божји заповеди – Декалогот. Тие се поделени на два дела: за нашиот однос или обврски кон Бога; и нашите обврски и однос кон луѓето. Освен овие заповеди во Светото Писмо дадени се и заповедите на Блаженствата (Матеј 5: 3-12). Блаженствата се заповеди за духовно усовршување на Христијаните. Вкупно на број се девет и содржински тие се подредени така што се преточува едно во друго и, живеејќи според нив човекот, како по лествица, се искачува вечниот живот.

Првата заповед на Блаженствата гласи: Блажени се бедните по дух. Веднаш потоа одредена е наградата за луѓето во ваква состојба – нивно е царството небеско.

### Кои се бедни по дух?

Бедни по дух се оние луѓе кои се подготвени да се запознаат себеси и кои ја сознаваат својата грешност па, осудувајќи се, стануваат смирени. Смирението е посебна душевна состојба која му дава можност на човекот молитвено да размислува и да созерцава во Христа. Таквите се скромни и наместо да ги осудуваат и напаѓаат другите, тие се укоруваат себеси и размислуваат за своите гревови. Сиромашни по дух се оние кои знаат каде е нивното место, а каде е местото на Бога во светот и животот. Често чувствуваат силна грижа на совеста, а со тоа и желба за покајание. Смирението е прва добродетел и почеток на спасението, зашто само смирениот човек може да се моли и да се кае. Затоа св. Јован Крстител својата проповед ја започнува со повик за покајание (Матеј 3:2), а и Господ Исус Христос, исто така, вели: “Покајте се, зашто се приближи царството небеско“ (Матеј 4:17). Покајанието е почетокот на душевното смирение.

Смирението е состојба за која што треба лично да се избориме и не се добива однадвор. Тоа е одлика или доблест на вистинските христијани. За да ја започнеме борбата против гревот потребно е најпрво да го сознаеме, а потоа да го отстрануваме. Сознавањето на гревот е во познавањето на самиот себе кое, пак, се достигнува преку сопствена интроспекција или набљудување на својата внатрешност. Кога ќе видиме каде грешиме и кои гревови ги правиме или сме ги направиле, тогаш го отпочнуваме процесот на очистување. Само душевниот мир може да не' доведе до почетна состојба на очистување на нашата грешна состојба. Таков благослов им се дава на оние кои, по свој избор и дисциплина, се подготвени за тоа. Но, за да се разбере смислата на овие зборови неопходно е човек да ја доживее таа состојба. Тоа со зборови не е можно да се објасни.

### Запознавањето себеси како процес

Познавањето на самиот себе не е моментална акција за еден час или еден ден, туку тоа е долготраен процес и кој никогаш не се завршува. Зошто? Затоа што колку повеќе се трудиме да се запознаеме себеси и да проникнеме и да навлеземе во сопствената внатрешност, постојано се соочуваме со разни изненадувања на безбројни слабости кои ги имаме во нас самите. Св. апостол Павле (2 Коринтјаните 12: 10) вели: “затоа добро ми е во слабости, во навредувања, во маки, во прогонувања, во тага за Христа, оти кога сум слаб, тогаш сум силен“. Апостолот овде не се жали на слабостите, туку се фали со нив. Објаснувајќи ги овие зборови некои од светите Оци велат: кога сум слаб и немоќен, тогаш се предавам на Господа и со Него сум силен затоа што самиот сум немоќен. Само со Негова помош можам да го победам секое зло и секаква слабост и страст во мене. Ако сме со Бога тогаш кој може да биде против нас!? Секако, дека ова можел да го каже св. апостол Павле, но треба и ние да отпочнеме со тој процес. . Мнозина себеси се дефинираат преку одредени моменти од животот, преку навиките, а најповеќе преку нивната професија или занимање. На пример: свештеничкиот позив е привилегија, но и многу голема одговорност. Извршувајќи ја својата служба свештеникот се труди за своето спасение. Но целта негова не треба да биде само неговото лично спасение, туку спасението на сите доверени парохијани – целата негова паства. Затоа одговорноста негова е многу голема. Како ќе го постигне тоа? Преку проповеди и личен пример оти, личните примери најдобро воспитуваат. Преку секој свој збор и постапка тој се манифестира себеси. На неговите зборови и постапки јавноста реагира – некогаш позитивно, а некогаш негативно. Затоа неопходно е свештеникот да се одрече од лошите навики и да не изговара зборови кои не се богоугодни оти така ја руши својата репутација. Така е и со другите професии или занимања, како: доктори, политичари, управители и сл. Доколу се откријат сопствените слабости, човекот започнува со корегирање на постапките, со очистувањето на гревовите и отстранување на слабостите. За христијаните основно мерило треба да биде Богочовекот Христос, во смисла: дали нашите постапки се во согласност со учењето на Спасителот. Оти, сите ние сме најпрво Божји чеда, а потоа професионалци во својата струка. Богочовекот Христос треба да ни биде основно мерило и главен критериум во се'. Моралниот закон е рамката во која треба да дејствуваме. Тука е основата на нашата идентификација. Ако ја прифатиме оваа вистина тогаш ќе биде многу полесно да навлеземе во сопствената интима и да се запознаеме себеси.

Многу одамна Лао Це рекол: да ги запознаеш другите луѓе е интелигенција, но да се запознаеш себеси - е мудрост. Тој вид на мудрост произлегува од нашата блискост со Бога – од созерцанието и соживувањето со вистините за Христа. Таа блискост ќе ја достигнеме преку покајанието и исповедувањето на гревовите. Исповедувајќи се пред свештеното лице ние, всушност, се откриваме пред Бога и тогаш ни се отвара еден посебен видик и слика на се' она што е грешно во нас; вршиме посматрање и испитување на самиот себе. Ветуваме дека повеќе нема да бидеме како предходно. Така започнува процесот на очистувањето. Без разлика колку е тешко, сопственото запознавање е неопходно ако сакаме да почнеме да живееме со Христа. Божјиот закон треба да ни биде основниот коректор во постапките и чекорите што ќе ги превземеме. Најпрво треба да се најдеме себеси, во смисла: каде сум јас? Што сум направил и кој е мојот пат во иднина? Свети Исак Сирин вели: Кој се удостоил да се види или да се запознае себеси, поголем е од оној кој ги видел светите ангели. Не е доволно човек само да ја сознае својата грешност или да се запознае себеси, туку неопходно е да отпочне процес на борба против се' она што е грешно во нас.

Човекот е создаен по лик и подобие Божјо. Сите ние носиме лик Божји во себе. Тој лик го добиваме при создавањето, односно при раѓањето. Во душата, а не во телото се крие Божјиот образ во човекот зашто “Бог е дух“ (Јован 4: 24). Уподобувањето или прилагодувањето кон Бога, пак, е можност или задача за наше духовно усовршување кое не е ништо друго, освен облагородување на целокупниот човек, од кое, резултатите се конечно раскинување со гревот и вечно соединување со Светиот Божји Дух, вели светиот апостол Павле (1.Кор. 6,17). Тој треба сите свои душевни заложби ум, чувства, волја, себесознание, сфаќање, вообразба, памет итн. да ги впрегне во творечка насока кон постигнување на заповеданото богоподобие и богоприлагодување. Така, преку остварување на постојано молитвено општење со Бога, тој ќе го проширува и задлабочува својот духовен живот, ќе постанува се подуховен и ангелоподобен. Процесот на усовршувањето или богоподобието никогаш не престанува и никогаш не се завршува. Зборот “човек“ произлегува од црковнословенскиот збор “человек“ или “чело – век“, а тоа значи: суштество кое со челото е усмерено кон вечноста. Тоа не ни е само ознака, туку и животна задача одредена од Бога, вели владика Данило Будимски.

Црковна песна од празникот Обновување на храмот Воскресение Христово (26 септтември нов стил) вели: “Расти и созревај човече, биди нов наместо да останеш стар; и празнувај го обновувањето на душата; додека имаш време за живот; да се обнови во тебе патот на животот; оти старото заврши и се' постана ново; ова принеси го како празничен дар; во добри промени порасни; оти само така се обновува човекот....

Народот вели: човекот се учи додека е жив. Под зборот “учи“ треба да се разбере и процесот на сознавањето себеси. При секое учење ние дознаваме за нови работи кои за нас биле дотогаш непознати – тоа значи се усовршуваме и интелектуално, но и духовно. Секојдневното богослужение, особено светата Литургија, му помага на човекот во духовното усовршување. Тука христијанинот на опиплив начин доаѓа до духовните вредности. Не одеднаш, туку постепено. Колку повеќе навлегуваме во содржината на богослужението толку повеќе откриваме нови вистини за верата и сме појаки. Така и духовно се усовршуваме. Познавањето на верата не' доближува до Бога и тогаш чувствуваме дека без Бога сме немоќни. Оваа положба ќе ни овозможи и ние, како светиот апостол Павле, да речеме: “Јас веќе не живеам, туку Христос живее во мене“ (Галатјаните 2: 20).

### Запознавањето себеси и очајанието

Сознавањето на својата грешност, како и сеќавањето на гревовите ни создава силни душевни болки. Но, да не дозволиме тоа да не' однесе во очајание. Напротив! Најпрво што треба да направиме – да пристапиме кон покајание. Преку покајанието Бог простува се' и затоа не треба да се враќаме назад и да очајуваме, туку да бидеме понизни слуги на Бога. Да чувствуваме благодарност и радост поради простувањето на нашите гревови.

Очајот и разочарувањето се најлошото нешто. Ова е замка на сатаната за да го натера човекот да ја изгуби желбата за духовни работи и да го доведе во очај, во апатија и униние или безволност и мрзеливост. Тогаш човек не може да направи ништо, станува неподобен и во себе си вели: „Грешен сум, беден сум, јас сум ова, јас сум она, не го направив ова, не го направив другото, требаше тогаш, тогаш не го направив, сега е доцна ништо не се случува… не сум достоен, јас сум никаков, не бива од мене ништо и сл.. Секој кој мисли така создава комплекс на инфериорност, беспотребно самопонижување и за него сè е залудно. Тоа е многу тешка состојба. Ова е лажна, ѓаволска, понизност. Затоа свети Ефрем Сирин во великопосната молитва вели: “... Господи, не давај ми дух на леност (униние) и безволност....“.

Сите овие појави се знаци на очајна личност која била опседната од сатаната. Човек стигнува до таму и мисли дека е недостоен за се'. Тој се обидува да се понижи себеси и станува неподобен. Ова е стапица што сатаната ја поставува за да го натера човекот да изгуби надеж во Божјата љубов. Тоа се страшни работи кои се спротивни на Божјиот Дух.

### Запознавањето себеси и горделивоста

Што е горделивост? Зборувајќи за горделивоста св. Максим Исповедник вели: Горделивоста, како порок, произлегува од две врсти на незнаење: Првата е, незнаење дека Бог е совршен и семоќен; и втората е, незнаење дека човекот има слабости и не е совршен. Кога тие две ќе се обединат тогаш прават помрачена состојба на умот што, пак, доведува до горделивост. Горделивоста или увереноста во самиот себе е, исто така, голем грев како и очајанието. Во делот од Евангелието (Лк 18,10-14), е прикажан човек којшто е задоволен со себеси. Тука е претставен фарисејот кој е самоуверен и горд. Своето благочестие го мери врз основа на она што го приложува, дава во храмот. Тој не се моли, туку се фали и се гордее. Многу е неблагодарно кога сами себе се фалиме. Господ знае колку сме направиле, што сме направиле, а што не сме направиле и колку сме корисни за заедницата и сл. Светиот апостол Петар вели: “Бог им се противи на горделивите, а на смирените им дава благодат“ (1 Петр. 5: 5). Човек треба да се стреми преку своите дела да Го прославува Бога, а не себеси.

Горделивоста е во многу слична на лицемерието. И едното и друго се дело на сатаната. Што побргу се ослободиме од таквите пороци толку подобро за нас.

Искреното покајание е доволно што треба да го направиме и да не се враќаме назад, туку да гледаме што не сме направиле и како од овој момет понатаму. Како што вели светиот апостол Павле, „…Браќа, јас не мислам дека сум го достигнал тоа; но едно правам: го заборавам она што е зад мене, а се стремам кон она што е пред мене“ (Фил. 3:13). Гледате ли како сотоната не мирува? Духот на малодушноста го нападна и апостолот Павле сакајќи да го оттргне од неговото тежнеење по Христа, но тој се борел и се храбрел: “Кој ќе не' одвои од љубовта Божја; тага ли, неволја ли, или гонење, опасност или меч? (Римјаните 8: 35 – 36).

На крајот ќе речеме: многу е важно при сопственото запознавање да тргнеме по вистинскиот пат – кон покајание и очистување. Тоа не е лесен па ниту брз процес. Неопходно е трпение и упорност. Спортистот за да постигне добри резултати неопходно е постојано да тренира. Така е и во верата. Упорноста наша ќе ја благослови Бог со царство небеско. Амин.

**Печатењето на оваа страница е овозможено од страна на доброчинителите Славе и Јулија Димитрови.**

# 2023 John L. N. Bitove, C.M. Macedonian Heritage Scholarship Application Now Open

Nova Generation is a Canadian charity based in Toronto that provides scholarships to university students of Macedonian descent across the worldwide Macedonian diaspora.

*Special thank you for the generous support of the Bitove Foundation.*



NOVA GENERATION

**APPLY TODAY!**

Deadline: **June 2, 2023**

Learn more at **NovaGeneration.ca**

AUTO SALES

ALEXANDER THE GREAT INC.

THE WHEELS TO CONQUER YOUR JOB

# ALEXANDER THE GREAT AUTO INC

Buying a car? Remember, it is more than just spending money. We, at Alexander The Great Inc. Auto Sales understand that quite well. Be it the look you desire or be it the efficiency you need! We provide you with the best of advice, the best of services and best of options in our inventory for quality pre-owned vehicles.

At Alexander The Great Inc. Auto Sales we deal in all Ranges of cars. Our professional and amicable staff is here to help you find the best suited car for you and your family. Instant Financing Approval, Buying or trading, Alexander The Great Inc. Auto Sales is the destination for your next car because we know exactly what you wish for!

## Contact Us

*Address*
*2695 Durante Way,*
*Milton, ON, L9T 5J1*

*Sales: 833-216-1270*

*Hours of Operation*

| | |
|---|---|
| Monday | 9:00 AM to 6:00 PM |
| Tuesday | 9:00 AM to 6:00 PM |
| Wednesday | 9:00 AM to 6:00 PM |
| Thursday | 9:00 AM to 6:00 PM |
| Friday | 9:00 AM to 5:00 PM |
| Saturday | 9:00 AM to 5:00 PM |
| Sunday | Closed |






# Macedonian Cooking with Sue Eastwood








Anytime that I have apples, I want to bake with them. I love any dessert with apples, but his is possibly my favourite. I like it better than apple pie, because its lighter and more delicate. With springtime upon us here in Ontario, I love making this light and tasty apple tart . Perfect with coffee to serve to your gosti that pop by.

I use a spring form non stick tart pan for this. If you do not already have one, do yourself a favour a get one. It makes life so much easier. This recipe is easy.

If you are not familiar with making your own pastry dough, this is a fantastic introduction to it. It is very forgiving. Even if you can not master rolling the pastry out and placing the dough on the pan, you can still just use your fingers to press it into the pan, and there is no top sheet of dough to worry about.



## Apple tart

Ingredients

1 stick unsalted butter, cut into1-inch cubes, plus 1 tablespoon, melted
1 1/2 cups all-purpose flour, plus extra for rolling
1/4 teaspoon salt
2 tablespoons sugar
4 Granny Smith apples
1 tablespoon fresh lemon juice
1 teaspoon ground cinnamon

Cut butter into flour along with salt. Once you have crumble mixture, add 1/4 cup very cold water until you form a ball. Add a little more water if necessary.
Roll out the dough onto a wax paper with a dusting of flour ( this makes it easier to pick up and peel into tart pan. Press dough into edges of pan and then place in refrigerator for 15 minutes.
Core , peel and slice your apples and then toss them into a large bowl. Add the lemon , cinnamon and sugar. Coat well. Arrange overlapping into tart shell , brush top with the melted butter and bake at 350 until golden crust. About 45 minutes.

## Fried Cheese

You had me at fried cheese.
Macedonians love cheese and are connoisseurs of it. At the market in Bitola, there is a building dedicated to cheese vendors. There are dozens of them, that will happily offer you samples of their cheese and will tell you about them.
Whether you have lived in Macedonia, or lived in Canada with Macedonian connections, you will probably know about fried cheese. If you don't, drop everything that you are doing, stop reading , and go make this.
There are two kinds of cheese that are commonly used to fry. Bieno sirenje is a Macedonian cheese that is very popular in our cuisine. It melts very slowly, also making it ideal to fry because you will not lose any melting away in the pan. Simply dredge this cheese in flour and fry both sides until golden. You may also dredge in an egg wash and then in the flour. It is up to you.
It may be difficult to find bieno in Canada. A good substitute is kefalagraviera, and specialty cheese stores will have it.
The other cheese that I fry, is belo sirenje (feta) . With feta, because it is a softer cheese, I always dredge in egg first and then flour. This adds to its heat tolerance.
When I was in Skopje and I went to a café for breakfast, fried cheese with toast was on the menu. I ordered it along with a macchiato. Sublime.



**Такси Томче Битола**

Доколку имате потреба од превоз од и до аеродромите во Скопје, Солун, Софија, Приштина и други градови јавете се кај Томче.

Такси превоз низ цела Македонија и надвор од неа
25 годишно искуство како професионален такси возач
**Тел: 070 743 330**

Fm98,7MHz
STEREO
РАДИО
МЕФФ
+ 389 48 411111
www.radiomeff.mk

**MACEDONIAN RADIO PROGRAM**
https://www.youtube.com/user/Oro-MakedonskoChicago

**Oro Makedonsko**
https://www.facebook.com/oro.makedonsko

*Boshko Rajchvski - Pelisterski*
*810-335-5552*




**416 - 750 - 8080 905 - 471- 9100**

## New patients are welcome to our Dental Family

Dr. Blagoj Kozovski DDS, Dentist
Dr. Dejana Kozovski DDS, Dentist
Dr. Ljubinka Kozovski DDS,Dentist
Victor Kozovski RDT Registered Dental Technician






LOCATIONS:
190 Main St. N, Markham, ON Tel: 905 471 9100
(across St. Dimitrija Solunski Macedonian Orthodox Church
NEW LOCATION: 1049 McNicoll Ave.
Scarborough ON, M1W 3W6 Tel: **416 - 750 - 8080**



kozovskifamilydentistry.com Kozovski Family Dentistry


The Nedan Team
RENOVATE LIST SOLD
ROYAL LEPAGE
Meadowtowne Realty Brokerage
VASKO@ROYALLEPAGE.CA
ALEXN@ROYALLEPAGE.CA
** NOT INTENDED TO SOLICIT BUYERS OR SELLERS UNDER CONTRACT
ALEXANDER NEDANOVSKI
SALES REPRESENTATIVE
289.839.9746
VASKO NEDANOVSKI
REAL ESTATE BROKER
647.333.9628


FOR LEASE
506-736 Bay Street
Toronto
Vasko Nedanovski
647.333.9628
Alexander Nedanovski
289.839.9746


FOR LEASE
1049 McNicoll Avenue
Toronto
Vasko Nedanovski
647.333.9628 Broker
The Nedan Team
Alexander Nedanovski
289.839.9746 Sales Representative


FOR LEASE
1210-397 Front Street W
Toronto
Vasko Nedanovski
647.333.9628
Alexander Nedanovski
289.839.9746


JUST BOUGHT
Vasko Nedanovski
647.333.9628
Alexander Nedanovski
289.839.9746


SOLD OVER ASKING!!
Vasko Nedanovski
647.333.9628 Broker
The Nedan Team
Alexander Nedanovski
289.839.9746


JUST LEASED
Congratulations to our Clients!
1710 - 397 Front Street West
Vasko Nedanovski
647.333.9628 Broker
The Nedan Team
Alexander Nedanovski
289.839.9746


JUST LEASED
Congratulations to our Clients!
1148 Dogwood Crescent
Vasko Nedanovski
647.333.9628 Broker
The Nedan Team
Alexander Nedanovski
289.839.9746


ROYAL LEPAGE
NATIONAL
TOP 10%
AWARD
2022


The Nedan Team
RENOVATE LIST SOLD
ROYAL LEPAGE
ALEXANDER NEDANOVSKI
289.839.9746
VASKO NEDANOVSKI
647.333.9628


Just PURCHASE!
ALEXANDER NEDANOVSKI
VASKO NEDANOVSKI



To rent the renovated church hall contact us:
Tel: (905) 471-5555
201 Main St N, Markham,
ON L3P 1Y4

# St. Dimitrija Solunski Macedonian Orthodox Church, Markham

## ВЕЛИГДЕНСКИТЕ ПРАЗНИЦИ ВО ЦРКВАТА СВ. ДИМИТРИЈА СОЛУНСКИ ВО МАРКАМ







На Велики Четврток годинава , како и за празникот Источен Ппеток, Балаклија црквата Свети Димитрија Солунски во Маркам ја посети неговото Високопреосвештенство владиката Методиј кој заедно со повеќето свештеници од канадското намесништво на Американско - Канадската Македонска Православна Епархија учествуваше и ги предводеше божествените литургии.

Службите предизвикаа голем интерес кај македонските православни верници .

Добредојде му посакаа:

-претседателот на црквата Диме Малаковски и парохискиот свештеник Горан Ристески во име на црквата св. Димитрија кои во оваа пригода изразуваат благодарност за присуството на надлежниот архиереј .Иста така беа присутни и свештениците: отец Трајко Босеовски, отец Сашо Целески, отец Александар Зашов, отец Александар Тодоровски и отец Стеван Груевски од помесните цркви во Канада.

# KUD ,,BILJANA ,, SPRING CONCERT




The concert was a great success. All the parents and kids had an amazing time. We were fortunate to have Ensamble Ilinden and Ensamble Makedonka joined us and perform their wonderful dances. We finished off the performances with a final group oro where all three dance groups were able to get together and perform as one, showing that they will carry on with the Macedonian traditions and culture.

We would like to thank all the parents and families for all their kindness and support and continuing effort in bringing their children to dance practices each week.
Jovan Drenoski.



**Kud ,,Biljana,, Sv.Dimitrija Solunski -Markham**

**Multicultural festival Toronto April 23 2023 (the picture right) Our fabulous dancers representing Macedonia.**






Најголемиот македонски автомобилски
парк во Канада. Јавете во COMSTOCK
кај Панде и Марко Јадилебовски
Comstock Auto Service Ltd
19652 ON-48, Mount Albert, ON L0G 1M0
(905) 473-5625
Марко
Панде


ZORAN NICESKI
B.COMM., SRS, ABR, RENE, BROKER
Over 20 Years of Selling Experience
Seller Representative Specialist (SRS)
Accredited Buyer Representative (ABR)
Real Estate Negotiating Expert (RENE)
PROVEN Selling system to achieve highest price
100% successful transaction closings
PROFESSIONAL Photography, Virtual Tours, Home Staging 1
FREE Home Evaluation
SERVING THE GTA & SURROUNDING AREAS
RE/MAX
#1
Re/Max All Stars Realty Inc. Brokerage, T: 905.477.0011
416.726.1595
Direct
www.niceski.com
zniceski@trebnet.com
SRS
ABR
RENE
Real Estate Negotiation Expert
Platinum Club Award
Hall of Fame Award
100% Club Award


StelArt
Custom made kitchens
➢ Build up a new kitchen from the scratch
➢ Renovation and upgrade on existing kitchen
➢ Repair and repaint your old kitchen
B.Sc. Marko Mateski
Cell: 226-600-8112
Email: stelartkw@gmail.com

# LOFRANCO CORRIERO

PERSONAL INJURY LAWYERS



## *SADO MEMETI*

*CLIENT SERVICES*

***Dir: 416-618-5526***
***Fax: 416-223-3404***

*425 Britannia Rd East, Unit 122*
*Mississauga, Ontario L4Z 3E7*
*sado@lofrancolawyers.com*

*5255 Yonge Street, suite 200*
*North York, Ontario M2N 6P4*
*www.lofrancolawyers.com*



**Call Sado if you have a serious personal injuries or injuries from car accidents.**
Адвокатската канцеларија ќе ви помогне при сериозни лични повреди и повреди здобиени во сообраќајни незгоди.
LANGUAGES SPOKEN :
English, Macedonian, Serbian, Croatian, Bosnian, Albanian
**Садо течно зборува македонски**, српски, хрватски, босански и албански јазик.

## CRIMINAL DEFENCE LAWYER
## ALEXANDER KARAPANCEV

*Have you been wrongly accused or charged with a criminal offence ?*
*Any charge can impact your record and life!*



Impaired Driving
Domestic Violence
Sexual Offences
Drug Crimes
Theft and Fraud

Don't Wait, CALL NOW!
647 - 907 - 8418
www.karapancevlaw.ca

**Real Estate specialist 45+years experience**
**Residential & Commercial investment**




# DRIVEWAY SEALING

## Seal of Approval Property Services

www.sealofapproval.ca

MICHAEL DAFOVSKI

# 416-356-7552

# ГАЛОП БИТОЛСКА КОЊАНИЦА-ПО ВРВИЦИТЕ НА ИЛИН ДЕНЦИТЕ

Здружение за развој на рурален туризам и

организирање на битолска коњаница „**Галоп** ”Битола

Ул.Индустриска бр.61

До

## Барање

**Почитувани,**.

Здружението за „развој на рурален туризам и организирање на битолска коњаница **Галоп** ” Битола негувајќи го историското минато и одржувајќи го спортскиот дух, организира коњички марш “Патот на Илинденците“ по втор пат самостојно.

По тој повод ви се обраќаме вас почитувани за допринес во организирањето на Коњичкиот Марш. Доколку би можело спонзорството во рамките на вашите можности со што ќе ни помогните за негувањето на повеќегодишната традиција.

Однапред ви благодариме　　　　Од Организациониот

Со Почит!　　　　Одбор

**Трансак.с-ка:290000002449204**
**ТТК Банка АД Скопје**
**Тел 079 313 364**

**BENEFICIARY:** GALOP BITOLA
**IBAN:** MK07290722000014З
**BENEFICIARIES BANK:** TTK BANK A.D SKOPJE
**SWIFT CODE:** **TTXBMK2X**



Битолската коњаница „Галоп“ е вистинска аракција не само за Битола, туку и за Македонија и Македонците кои живеат во странство.Тие во оваа пригода ве поканувaат сите кои можете да им помогнете (информации имате на оваа страница во весникот Македонија), да го сторите тоа поскоро затоа што со вашата финансиска помош тие ќе можат да ја продолжат единствената мисија, да бидат потсетник на славниот илинденски период во Македонија.
Галоп со комитите и комитките во прекрасна илинденска одежда ќе тргне од пред Офицерски дом во Битола на седумдневното патување до Крушево каде на Илинден ќе учествува на манифестациите во тој град.
Ѓорги Стојчевски, одговорен водач на коњаницата и претседател на Здружение за рурален развој и организирање на битолска коњаница „Галоп“-Битола, истакна дека во коњаницата учествуваат 12 момчиња и две девојки кои со своите коњи ќе одјаваат пат долг 174 километри, почнувајќи од Офицерски дом, а прво пренoќиште им е битолското село Цапари.
За овој предизвик се подготвуваат цела година. Подготовките биле тешки, но тие лично ги подоготвувале коњите и самите себе со кондиција.
На патот до Крушево ќе се вклучат во одбележувањето на Илинден каде што ќе им се оддаде почит на илинденците кои го дале животот за Македонија.
Само во битолското село Цапари биле евидентирани 94 илинденци.
Според планот, битолската коњаница во Крушево треба да пристигне на 31 јули, на 1 август ќе учествуваат на дефиле во Крушево, а на 2 август на Мечкин Камен ќе го одбележат државниот празник Илинден.
Погледнте ја нивната врвица и придржете се на оваа оригинална македонска идеја, ќе уживате и ќе се чувствувате возвишено што сте Македонци.

Лице за контакт Ѓоко: **079 - 313 - 364**
**galopbitola@gmail.com**







BINGO NIGHTS
$ 25
PER PACKAGE
RGH
Join us for a night of fun & games
MONDAY TO THURSDAY, 4 PM & 6 PM
(REGULAR SESSION)
$7K GUARANTEED
EVERY OTHER THURSDAY
Visit ramagaming.com for more details
2295 Battleford Rd Mississauga
ON L5N 2W8
991 Kennedy Rd Scarborough
ON M1P 2K5
19+ Play Smart
(905) 821-7821
(416) 752-2635
RGH


CALIFORNIA RESTAURANT
ORTHODOX NEW YEAR CELEBRATION
EST. 1968
CALIFORNIA
RESTAURANT & BAR
Specializing in European cuisine made with love. Daily specials, soups, schnitzels, pasta & more...
Live music every Saturday
Book your table now!
CONTACT:
914 Pape Ave
Toronto, ON M4K 3V2
info@californiatoronto.ca
HOURS
Mon–Sun: 11am - 12am
https://californiarestobar.ca/
(416) 461-1251










**AR All-Risks Insurance**
BROKERS LIMITED

Auto | Home | Life | Commercial

**Tommy A Boichevski** Managing Partner
511 McNicoll Avenue, Suite 202, Nort York, ON, M2H 2C9

Bus:416.628.7949 Fax:1.855.552.7329
Cell:416.986.9973 E-mail: tboichevski@all-risks.com

# SB Video

Weddings, Engagements, Christenings, Anniversaries, Birthday
Transfer VHS to DVD and PAL to NTS System

**bozarovskistefo@aol.com**
**Phone: 416 -299-7710**
**Cell: 647-617-7931**



# Неделно училиште по македонски јазик во црквата Св. Климент Охридски од Торонто

Почитувани читатели, неверојатно брзо изминат месец исполнет со различни активности.
Месец на пролетта, на радоста, на љубовта, на Христовото Воскресение.
По повод Велигден учениците ја пееја "Велигденска песна".
Исто така од страна на MYNET беше организирана декорација на најубаво Велигденско јајце со пригодни подароци.
Со голем ентузијазам продолжуваме со изучување на печатните букви Љ и Њ ( со малата група) и пишување на зборови и реченици со истите.
Видови речници според содржината
-расказни,прашални и извични.
Песна за интерпункциските знаци
(точка, прашалник, извичник)
-Што ставаме на крајот на расказните реченици?
-Кој знак го ставаме на крајот од речениците со кои нешто прашуваме?
-Кој знак го ставаме на крајот од речениците со кои искажуваме посилни чувства?
-Изучување на ракописни букви Ѓ и Ќ и обработка на четивото"
Каде згрешил Ѓорѓи"
-Пишување на зборови и реченици со сите изучени букви.

-Разговор за пролетта и обработка на четивото " Кога дренот цвета"
-Во кое годишно време цветаат дрвјата?
-Зошто се вели за дренот дека е пролетен ранобудник?-Опишување како изгледа природата во пролет.
По повод Денови на Македонската литература и култура организирано од страна на Литературното друштво ,,Браќа Миладиновци,, при Црквата Св.Климент Охридски, зедовме активно учество во програмата.

Исто така во тек се интензивни подготовки за годишен концерт на Неделното Училиште заедно со фолклорната група ,,Македонка,, на 10 Јуни.
Поканети сте сите.Придружете ни се.

Со почит,
учителка Снежана Тешовиќ



**Песна за интерпункциските знаци ( точка, прашалник извичник)**

Ученичката Дара со интерпункциските знаци разговара.На нејзиното прашање кои се задачите нивни, Дара доби вакви одговори:

На читателите јас добро им правам,
Малку одмор им давам.
Штом ќе дојдете до мене,
ве предупредувам јас:
Читатели, застанете малку, спуштете глас!

Штом во пишувањето нешто прашувате
Секогаш мене ме пишувате.
Кога на крајот од реченицата
Ќе ме најдете мене знајте:
Гласот ќе треба малку да се крене.

И јас сум знак што треба да се почитува, да се запазува
Ме стават кога чудење се изразува,
Кога се вика, кога се клика...















CANADIAN MACEDONIAN PLACE

## We strive to bring the Macedonian and Canadian cultures closer together

2023 MACEDONIAN OPEN

# SAVE THE DATE!

## Monday July 10th, 2023
## 79th Annual Macedonian Open

## We are excited to announce that we will be hosting the 2023 Macedonian Open at Angus Glen Golf Club!
## www.macedonianopen.com




Apartments for senior citizens 65+
Fully renovated one - bedroom suites with full kitchen
Bathroom with shower stall especially designed for seniors

Limited subsidy available, subject to eligibility
Balcony or patio walk out
Outdoor parking available
For more information please call at 416-755-9231
Zlatka Cokov or Margarita Donakovski

**Amenities**
Macedonian Place offers a lower lounge with a cozy fireplace and bar over looking the ravine. The ceiling has engraved walnut wood panels and a beautiful chandelier. There are glass display cases with traditional folk costumes and artefacts as well as trophies from the Macedonian Golf Tournament which first took place in 1942. The Front Lounge with a cozy fireplace and three wall murals depicting the life in the “old country”, provides a warm and inviting place to enjoy the day.

On the Main Floor next to the Lounge is the Entertainment Lounge/TV Room where residents watch their favourite shows or sports games. Outside, the walkways and gardens offer a lovely setting, set in an active area of East York, is within walking distance of many facilities. The TTC stops at our door.

Nearby
- Restaurants
- Drug Stores
- Banks
- Beauty Salons
- Bowling Alley
- Transit Stops

**850**
**O’ Connor Drive**
**Toronto On**
**M4B 3L6**

ZCokov@CanadianMacedonianPlace.com
MDonakovski@CanadianMacedonianPlace.com

**Канадско-македонскиот дом располага со апартмани за лица над 65 години**
**Целосно реновирани апартмани со спална, дневна, кујна, балкон и бања со туш**
**Располагаме и со паркинг места за станарите**
**Можете да аплицирате за намалена кирија која е ограничена и предмет на квалификација**
**За повеќе информации јавете се на:**
**Златка Чоков или Маргарита Донаковски**
**416-755-9231**
**ZCokov@CanadianMacedonianPlace.com**
**MDonakovski@CanadianMacedonianPlace.com**

# Крстозбор

АВТОР: НИКОЛА ПЕТКОВСКИ



ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА КРУШЕВСКАТА РЕПУБЛИКА | Н | НАПЛИВ НА ГОЛЕМА ГРУПА ЛУЃЕ | РЕКА ВО ХРВАТСКА | Р | ПАРИЧНА ЕДИНИЦА НА ИРАН / ВИКТОР КОРЧНОЈ | П | КРОТКО / БРАТ НА СОПРУГОТ | ЕДНА ПЛАНЕТА | АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ | А | ПОКРАИНА ВО СЕВЕРНА ИРСКА / ГРАД ВО АНГЛИЈА | "ЗЕМЈОДЕЛСКО ИНДУСТРИСКИ КОМБИНАТ" | АНТИЧКИ ЕЛИНСКИ ЈУНАК | СОВЕТНИЧКА ЗА КУЛТУРА ВО СВ.НЕДЕЛА, ЕЈЏЕКС

САМОЖИВОСТ, СЕБИЧНОСТ

СПЕЦИФИЧНОСТ, ОСОБЕНОСТ

ЧИНИЈА ВО ФОРМА НА ЕЛИПСА | ПОКАЗА ЗАМЕНКА / ИВАН ТОЧКО | ВИНСКИ РЕГИОН ВО УНГАРИЈА / ДВОУМЕЊЕ

ТВОРЦИ НА МАКЕДОНСКАТА КИРИЛИЦА | С | ЛИТЕРАТУРНО ДРУШТВО ОД ТОРОНТО | "ЦАРОТ" НА ЖИВОТНИТЕ | ДЕН КОГА ЌЕ СЛАВИ СВОЕТО ИМЕ / СЕВЕР | АФИРМАЦИЈА, ПОТВРДА / КАНЦЕР

ВИНЧЕНЦО БЕЛИНИ | ЕЛИНСКИ ДЕМОН НА ОДМАЗДАТА / ИВАН КАРАДАК | "ИНДЕКС РЕГИСТАР" | РЕДИЦА, ПОРЕДОК / ПАРЧЕ ОД НЕШТО




ПИСАТЕЛКАТА ЏОНГ | ЛИХТЕНШТАЈН | ОТМЕНИ ГОСПОЃИ / МЕРКА ЗА ТЕЧНОСТ (МН.)

НА ТОЈ НАЧИН | ВЛАСТ НА ЕМИР | ДЕЛ ОД ОБЛЕКА | МЕТАР / ФОЛКЛОРНА ГРУПА ОД СВ. ИЛИЈА

ЗАВРШЕТОК НА СРПСКИТЕ ПРЕЗИМИЊА | МУЗИЧКА НОТА / КРШ, НЕРЕД, ХАОС | ДРАГ, САКАН, ОМИЛЕН | ИСТИ БУКВИ / ПРЕВОЗНО СРЕДСТВО

МАКАРА / ПЛЕХ, ЛАМАРИНА (МН.) | КОЊ / АКТИВНОСТ ЗАРАДИ ЗАБАВА (МН.) | ЖЕНСКИ ПЕЈАЧКИ ГЛАС / НАУКА ЗА УБАВОТО

Л | И | ОКРУГ, ПОДРАЧЈЕ / ПРЕДВРЕМЕН

ГЛАВЕН ГРАД НА ИТАЛИЈА | РАДИУМ / ДОЛГА ТУРСКА САБЈА | МЕРКА ЗА ЗЕМЈИШТЕ / "ТЕНИСКИ КЛУБ" | ИВО АНДРИЌ | ТИНА ТАРНЕР | АЛЕТИСАНИ / УРОШЕВАЦ

ИЛИНИУМ / ГОЛЕМ ЦРТЕЖ ЗАЛЕПЕН НА УЛИЦА | ПОВЕЌЕГЛАСНА МЕЛОДИЈА / ДЕЛ ОД НОГА (МН.) | КОМПОЗИТОРОТ НОВАЧЕВСКИ / ВИД ТРЕВА

П | ФРАНЦУСКА АРТИСТКА / ЕПИСКОП СМИРНЕНСКИ



ПРЕДМЕТ НА ОБОЖУВАЊЕ | ПОНД / ВИД ЦВЕЌЕ | ЕЛИЗАБЕТ ТЕЈЛОР | НИНА СПИРОВА / ДЕВОЈКА

ГРАД ВО ИТАЛИЈА | ЕКИПА / УРУГВАЈСКИ ФУДБАЛЕР АЛВАРО | ФОЛКЛОРЕН АНСАМБЛ ОД СВЕТИ ДИМИТРИЈА | К

ПОКАЗНО ЗБОРЧЕ | ЕНИ ЛЕНОКС / ВИД ЗАБ ВО УСТАТА | Р

ЗВУК, ГЛАС (МН.) / ЧЕШКО МАШКО ИМЕ | ЈУЖНОАМЕРИКАНСКО ЖИВОТНО (МН.) | ХЕМИСКИ ЕЛЕМЕНТ, ЕДЕН ОД НАЈСИЛНИТЕ ОТРОВИ

Н | ИМАГИНАРЕН БРОЈ | ЛАМЈА / МЕРКА ЗА ТЕЖИНА НА ЛЕКОВИ

ДОБРИЦА ЦЕСАРИЌ | "НАЦИОНАЛ НОВИНСКА АГЕНЦИЈА" / БОЈА ЗА ПЕЧАТ (МН.) | МАРКА КАРМИН ЗА УСНИ | М | НЕГА НА РАЦЕ И НОКТИ НА РАЦЕ | МАСИЧКА ЗА ЕВАНГЕЛИЕ | РИСТО КРЛЕ | НЕДА УКРАДЕН / ДЕЛ ОД ЗГРАДА, ЕТАЖ | "ЈУНИОР" / БУКВА ОД АРАПСКОТО ПИСМО

Ш | "РУСКА КОСМИЧКА АГЕНЦИЈА" | ЕДНА ОД С.А.Д. / ДИВИ ЖИВОТНИ, РАКУНИ

ИСЛАМСКИ ВЕРСКИ ОГРАНОК / ЈУГ | ОГИСТ КОНТ / ПРОСТОР ОКОЛУ КУЌА | ЧЕШКИ ФУДБАЛЕР АНТОНИН / МАРКА АВТОМОБИЛИ | НАШ ПЕЈАЧ НИКОЛОВСКИ / РЕСМИР

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ДРАГАН НИКОЛИЌ / АРТИСТКАТА ПАЈОН | ФЛУОР / ТЕОДОР ДРАЈЗЕР | ЈУ АРТИСТКА ИТА / "NORTH - NORTH - EAST" | СТАРОРИМСКИ ЦАР / АРТИСТКА ГАРДНЕР

МАКЕДОНСКА ЦРКВА ВО ВИНДЗОР

СОПСТВЕНИК НА "ТОРОНТО СТАР"

ПРАКАНТОН ВО ШВАЈЦАРИЈА | НАУЧНИ ОСНОВНИ ПОИМИ



РЕШЕНИЕ: ИНДИВИДУАЛИЗАМ, КАРАКТЕРИСТИКА, ОВАЛ, ОВА, ТОКАЈ, ЛАВ, ИМЕНДЕН, ДА, ВБ, АЛАСТОР, ИР, РЕД, ЕРИКА, Л, ДАМИ, ТАКА, ЕЛЕК, М, ИЌ, РЕ, МИЛ, ИИ, КАЛЕМ, АТ, АЛТ, ЛИМОВИ, И, РЕВИР, РИМ, РА, ГРИСИНИ, ИЛ, ПАРТИТУРА, ТОДЕ, ПЛАКАТ, КАТРИН ДЕНЕВ, ИДОЛ, П, ЕТ, НС, МИЛАНО, ТИМ, К, ЕНЕ, ЕЛ, РЕКОБА, ТОНОВИ, ЛАМИ, НОВАЧЕК, И, АЛА, ДЦ, ННА, НУ, ЈР, ШИИТИ, РКА, АРКАНЗАС, Ј, ОК, ПАНЕНКА, ЦАНЕ, ДН, Ф, ЕИНА, ТРАЈАН, СВЕТИ НИКОЛА, ЈОРДАН БИТОВ, УРИ, ТЕОРИЈА

# MEMORIAL GALLERIES INC

## ABOUT US

Memorial Galleries Inc. specializes in monuments and memorials, including grave markers and cremation urns with over 20 years of experience. Memorial Galleries has large inventory of beautiful natural granite monuments from traditional to modern monuments designs in many different colors.



MEMORIAL GALLERIES INC

- Custom Design
- Markers
- Etching
- Repainting
- Final Date

Cemetery lettering






Huge inventory for customer selection

## OUR ADDRESS

53 Bertrand Ave. Unit 1
Scarborough ON M1L 4P3

Mail: mark@memorialgalleries.ca
Tel. +1 416-759-0293
Fax. +1 416-759-522

## BUSINESS HOURS

Monday-Saturday 10AM - 6PM
Sunday by appointment.



# HERITAGE FUNERAL CENTRE

*O'Connor Bros & Ralph Day Chapels*

- Ние нудиме услуги во централниот дел од Торонто
- Ново и прекрасно просторно место
- Прекрасен паркинг за 200 автомобили
- Најниски цени за голем број услуги
- Наполно пристапно за хендикипирани лица




Нашето Фамилијарно Истражување за вкупните услуги кои ги нудиме покажа резултат од категоријата "Одличен"

50 Overlea Boulevard www.heritagefuneralcentre.ca 416-423-1000

*Funeral planning can get overwhelming, but you're not alone. Our staff is here to support you and help you through your grief journey while honoring your loved one. To help you get started, below is some helpful information. But please feel free to contact us with any questions.*

HERITAGE FUNERAL CENTRE

*O'Connor Bros. & Ralph Day Chapels*

## Македонски Православен Календар 2023

**Подготвил Отец Сашо Целески, парохиски свештеник во МПЦ Св.Климент Охридски, Торонто**

**Macedonian Orthodox Calendar 2023 (by father Sasho Celeski)**

### 2023 MAY 31 days

| D | new | old | ORTHODOX CALENDAR |
|---|---|---|---|
| M | 1 | 18 | Venerable John, st. John of Joannina, new martyr |
| T | 2 | 19 | St. John of the Ancient Caves |
| W | 3 | 20 | Venerable Theodore Trichinas |
| T | 4 | 21 | St. Januarios, hieromartyr |
| F | 5 | 22 | Venerable Theodor Sykeote, st. Leonidas, martyr |
| S | 6 | 23 | **St. George, Great martyr** |
| | | | Forth Sunday of Pascha, **The Paralytic**, Tone 3; Res.Gospel 4; on Divine Liturgy: Acts (9, 32-42); Jn. 14 (5, 1-15) |
| S | 7 | 24 | St. Sabbas Stratilat, Martyr |
| M | 8 | 25 | † **St. Mark, Apostle and Evangelist** |
| T | 9 | 26 | St. Basil, Bishop of Amasea, hieromartyr |
| W | 10 | 27 | St. Simeon, the Apostle Mid-Pent. |
| T | 11 | 28 | Sts. Jason, Sosipater and others |
| F | 12 | 29 | The 9 Holy Martyrs of Cyzicus; Ven. Memnon |
| S | 13 | 30 | St. Jacob the Apostle |
| | | | Fifth Sunday of Pascha, **Samaritan Woman**, Tone 4; Res.Gospel 7; on Divine Liturgy: Acts (11, 19-26,29-30); Jn. 12 (4, 5-42) |
| S | 14 | 1 | † **St. Jeremiah, prophet** |
| M | 15 | 2 | † **St. Athanassius the Great** |
| T | 16 | 3 | St. Timothy and Maura, martyrs |
| W | 17 | 4 | St. Pelagia, martyr |
| T | 18 | 5 | St. Irene, great martyr |
| F | 19 | 6 | St. Job the Longsuffering |
| S | 20 | 7 | Appearance of the Ven. Cross at Jerusalem; |
| | | | Sixth Sunday of Pascha, **The Blind Man**, Tone 5; Res.Gospel 8; on Divine Liturgy: Acts (16, 16-34); Jn. 34 (9, 1-38) |
| S | 21 | 8 | † **St. John Theologian, apostle and evangelist** |
| M | 22 | 9 | † **St. Nicholas**; St. Isaiah; St. Christopher |
| T | 23 | 10 | St. Simeon the Zealot, apostle |
| W | 24 | 11 | Sts. Cyril and Methody, Equal to the Apostles |
| T | 25 | 12 | Ascention of Jesus Christ - SPASOVDEN |
| F | 26 | 13 | St. Glykeria, martyr |
| S | 27 | 14 | St. Isidore, martyr |
| | | | Seventh Sunday of Pascha, **Holy Fathers**, Tone 6; Res.Gospel 10; on Divine Liturgy: Acts (20, 16-18, 28-36); Jn. 56 (17, 1-13) |
| S | 28 | 15 | Venerable Pachomius the Great |
| M | 29 | 16 | Venerable Theodore the Santictified |
| T | 30 | 17 | St. Andronicus and others |
| W | 31 | 18 | St. Theodotus of Ancyra |

### 2023 МАЈ 31 ден

| Д | нов | стар | КОСАР |
|---|---|---|---|
| П | 1 | 18 | **Св. нмч. Јован Јанински**; преп. Јован Декаполит |
| В | 2 | 19 | Бл. Матрона Московска; нмч. Агатангел |
| С | 3 | 20 | Преп. Теодор Трихин; |
| Ч | 4 | 21 | Св. свешт-мч. Јануариј и др.; св. мч. Теодор и др. |
| П | 5 | 22 | Преп. Теодор Сикеот; св. мч. Леонид |
| С | 6 | 23 | Св. вмч. Георгиј – Ѓурѓовден |
| | | | Четврта недела по Пасха, ***на Раслабениот,*** Гл. 3; Ев. В 4, На Литургија Апостол Дела (9, 32-42); Ев. Јн 14 (5, 1-15) |
| Н | 7 | 24 | Св. мч. Сава Стратилат; преп. Елисавета |
| П | 8 | 25 | † **Св. ап. и ев. Марко**; св. Анијан Александриски |
| В | 9 | 26 | Св. свешт-мч. Василиј Амасиски |
| С | 10 | 27 | *Преполовение;* Св. ап. Симеон брат Господов |
| Ч | 11 | 28 | Св. ап-ли Јасон и Сосипатар и св. мч-чка Керкира |
| П | 12 | 29 | Св. 9 мч-ци во Кизик; † **св. Василиј Острошки** |
| С | 13 | 30 | Св. ап. Јаков Заведеев; св. Игнатиј Брјанч. |
| | | | Петта недела по Пасха, ***на Самарјанката,*** Гл. 4; Ев. В 7, На Литургија Апостол Дела (11, 19-26,29-30); Ев. Јн 12 (4, 5-42) |
| Н | 14 | 1 | † **Св. пр. Еремиј**; преп. мч. Акакиј Серски |
| П | 15 | 2 | † **Пренос на мошти на св. Атанасиј Велики (летен)** |
| В | 16 | 3 | Св. мч-ци Тимотеј и Мавра |
| С | 17 | 4 | Св. мч Пелагија Тарс.; св. свешт-мч. Силуан *Одд. Препол.* |
| Ч | 18 | 5 | Св. вмч-чка Ирина Солунска; |
| П | 19 | 6 | Св. праведен и многустрадален Јов; св. Варвар Воин |
| С | 20 | 7 | Јавување на Чесниот Крст во Ерусалим; св. мч. Акакиј |
| | | | Шеста недела по Пасха, ***на Слепиот,*** Гл. 5; Ев. В 8, На Литургија Апостол Дела (16, 16-34); Ев. Јн 34 (9, 1-38) |
| Н | 21 | 8 | † **Св. ап. и ев. Јован Богослов**; преп. Арсениј В.;св. Емилија |
| П | 22 | 9 | † **Пренес. на мошт. на св. Николај**; Св. пр. Исаиј |
| В | 23 | 10 | Св. ап. Симон Зилот; преп. Исидора; св. Јоаким Крчовски |
| С | 24 | 11 | Св. рамноапостолни Кирил и Методиј Солунски |
| Ч | 25 | 12 | Вознесение Христово - СПАСОВДЕН |
| П | 26 | 13 | Св. мч-чка Гликерија; св. мч. Александар |
| С | 27 | 14 | Св. мч. Исидор; преп. Серапион; св. Леонтиј Ерусалимски |
| | | | Седма недела по Пасха, ***на Св Отци 1 В.С.,*** Гл. 6; Ев. В 10, На Литургија Апостол Дела (20, 16-18, 28-36); Ев. Јн 56 (17, 1-13) |
| Н | 28 | 15 | Преп. Пахомиј Велики; Св. Ахил Преспански |
| П | 29 | 16 | Преп. Теодор Осветен; св. Никола Мистик |
| В | 30 | 17 | Св. ап. Андроник и св. Јунија; св. мч. Солохон |
| С | 31 | 18 | Св. мч. Теодот Анкирски и седумте девојки маченички |
















# Pearl White

## Dental Hygiene Clinic

Your Dental Hygienist: Atina Gorgiev RDH

☆ Macedonian Senior Teeth Cleaning Special $99

☆ Teeth Whitening Special $129

pearlwhitedentalhygieneclinic@gmail.com

(416)-817-7650

301-4430 Bathurst St.
North York, ON. M3H 3S3






ROYAL LEPAGE Signature Realty
IND. OWNED & OPERATED BROKERAGE

# MAYA MIKAROVSKA

Sales Representative

647.459.4637

Maya@YourTOrealtor.ca

**Ensuring hassle-free real estate transactions:**

- Free home staging
- Free professional photography
- Reno/home design consultation
- Outstanding service, commitment to excellence

*Let's achieve your real estate goals. Contact me today for a confidential, no obligation consultation.*




# Dr. Elizabeth Dimovski

## Family Dental Office

## Home of the FREE Custom Mouth Guard

For all our sports-playing patients! Call for details today!

2 Philosopher's Trail, Unit #1, Brampton, Ontario, L6S 4C9

# 905-458-6620




COSMO TRAVEL

Milica Crvenkoska manager

1454 Dundas St. East#122
Mississauga, ON. L4X 1L4

cosmotravel@rogers.com
Www.osmotravel.ca

Tel: 905.281.2111
Fax:905.281.1463
Cell:416.520.6846
Toll Free: 1.877.896.3211

## ДОНТ БЕРИ ГАЈЛЕ НАРОДЕ МАКЕДОНСКИ

*НЕТ ДОСЕТКИ*

**-Божидар Божиновски:**

► Честит нека е денот на победата над фашизмот. Еднаш ве уништивме, ќе ве уништиме пак.Смрт на фашизмот, Слобода на народот!

► -"Минималните трошоци за април изнесувале 49.384 денари"

► Да не беше оваа влада ќе беа 71.632 ,ама нееееееє вас само не ви чини нешто…

► -Добро утро, поздрав до емисијата, која е денес темата да го изнесам своето стручно излагање?

► -"Внукот на Гоце Делчев не знае дали имало Македонци пред 1945-та затоа што не бил роден тогаш"

► Баба ми е 1930-та, ела, ќе ти кажи дека и пред 45-та имало.

Блаже Докуле:

► -Најмногу елени не гинат од ловци или волци ,ами од меѓусебно заплеткани рогови?!

► Совет: не се плеткај многу со други во животот !

► -Почетокот на коридорот 8 , свечено ќе стартува со ,,Банкрот Блуз Бенд,,! Банкротот се однесува на државата нормално ?!

► -Донт Бери Гајле народе македонски, имаш целосна поддршка од стратешките .........додуша не си повеќе Македонец и македонски народе ,ама трај си и свиркај си еден ден белки ќе се разбудиш од зимскиот сон ?!??

► -Квиз прашање : дали пензиите ќе беа пореално покачувани со Никола ,,паторот диктаторот,, или како што се со амебиве Црпковисти ?!?

► -Грешка во чекори :гласавме за капитализам а станавме најголеми -Пролетери !!??

-Нормално дека ќе немаме држава кога за огромни државни проблеми излегуваме помалку луѓе отколку за концерт на пејачи од соседните земји ?!

**Во што бил вицот со ,,реПЛИКите,!!!!**




# ВИЦОВИ

*На судење, судијата го прашува обвинетиот:
- Зошто ја ограбивте банката?
- Таа прва почна.

*Разговараат двајца вработени во јавна администрација:
– Замисли, вчера работев две смени.
– Зошто?!
– Случајно сум задремал, а никој од колегите не ме разбудил.

*Сите се обични, само е Марио супер.
Сите возат точак, само Кока кола.
Сите се смеат, само Капетанот кука.
Сите сакаат сол, само Џастин бибер.
Сите користат миксер, само Лионел меси.

*ПРЕД БРАКОТ:
Дечкото: Да, конечно, не можев да дочекам!
Девојката: Сакаш да ме напуштиш?
Дечкото: Не, немој ни да помислуваш на тоа.
Девојката: Ме сакаш?
Дечкото: Се разбира, сè повеќе и повеќе.
Девојката: Дали некогаш си ме изневерил?
Дечкото: Не, како можеш тоа да ме прашаш?
Девојката: Сакаш да ме бакнеш?
Дечкото: Секогаш кога ќе имам шанса.
Девојката: Сакаш да ме удриш?
Дечкото: Нормална ли си ти, не сум таква личност.
Девојката: Можам да ти верувам?
Дечкото: Да.
Девојката: Мил мој...
ПОСЛЕ БРАКОТ:
Само прочитај го текстот од крајот кон врвот.

*Ако мажот го памти твојот роденден, ги чува твоите слики, ги знае сите твои мисли, тоа не е обичен маж, тоа е Марк Цукерберг!

*Кога се венчале Стресот и Сиромаштијата, бидермаерот го фатила Македонија.

*Македонец не можел повеќе да ја издржи 30-годишната бедна политика во земјата и конечно решил да отиде на психијатар.
Психијатарот му вели:
– Напиши му писмо на оној политичар кој најмногу те нервира, а потоа запали го!
Македонецот:
– Во ред. А со писмото што да правам?

* Што заврши?- Медицина.
- Насока?- Германија.
*Шест од десет Македонци живеат под стрес.
Другите четири живеат во странство.

*Исповед на еден народен пратеник:
- Сè што имам, сè сум украл! Купени ми се само дипломата и возачката дозвола.

*Состанок во јавно претпријатие.
Се соопштуваат годишните награди.
-На другарот Трпе: чевли.
-На другарот Трајчо: сандали.
-На другарот Ристо: влечки.
-На директорот: 10000 евра.
Од задниот ред се јавува Трпе:
-Така и му треба, нека оди бос, мамичето негово.

## НАПРАВИ САМ

Во оваа рубрика НАПРАВИ САМ ќе може да се запознаете како да направите прекрасен дизајн, декорација, украс, нова облека, разни акцесорис за вас лично или во вашиот дом. Изработката на сите предмети е рачна и понекогаш на машина за шиење. Материјалите кои ги користам во изработката на предметите и облеките се веќе искористени или постоечки во некој друг дезен и вид, кој се разбира не ни треба повеќе. Рециклирањето е број еден за заштита на нашата убава планета земја. Затоа да бидеме инвентивни и да направиме нешто убаво и корисно! Да почнеме: Денес ќе ви дадам идеја како да си направите тиролка од сукња:

**1. Сукња;**
**2. Сличен текстил како сукњата(може и од друга сукња материјалот);**
**3. Ножици;**
**4. Машина за шиење;**

Планот на изработка е едноставен. Вие треба да направите најпрвин распределба на материјалот. Ви треба за две долги прерамки и парче во вид на правоаголник за напред пред градите. Скроив две парчиња кои ќе ми бидат потребни за прерамките. Направете ги во икс на грбот и сошијте ги врз каишот на сукњата. Необично но, модерно. Правоаголното парче направете го во ист стил како прерамките но сошијте го одвнатре на сукњата. И напред прерамките сошијте ги за парчето да бидат фиксни. И тиролката е спремна за носење. Сега е на ред на вас да пробате и да уживате во секоја ваша идеја и креација!

**Рубриката НАПРАВИ САМ ви ја подготви Каролина Ристеска.**



# THE LERIN REGION MACEDONIAN ASSOCIATION OF CANADA HELD THE ANNUAL MOTHER'S DAY DINNER AND DANCE



The Lerin Region Macedonian Association of Canada held the Annual Mother's Day Dinner and Dance,and would like to thank everyone that attended and supported throughout many years at our Annual Mother's Day Dinner and Dance Saturday Evening May the 6th/2023.

I would like to thank Irena Karaoulis-Sipidias President of Ladies Auxiliary at St Clement of Ohrid Macedonian Church for dedicating in helping decorate the hall and her time with us to make this possible, and Jeannie Mitsios, Niki Terzis and Mary Mitsopoulos thank you ladies and Lerin Committee for making this happen.. Best Regards to all,

**From President Greg Canev.**



























Born and raised in Skopje, Macedonia, Vic Dejanovic takes pride in offering exceptional service for the Macedonian community.
Vic's award winning service has brought him great success and has put him on a level above the rest.
Servicing the GTA, Durham Region, Northumberland County, Peterborough, and Kawartha Lakes.

## We are proud to be in the top 1% on TRREB.




5 BUTTERMILL AVE #603 VAUGHAN




3920 COUNTY RD 14 ENTERPRISE




25 COLLEGE STREET #307 BELLEVILLE




7 POLLOCK AVENUE BEAVERTON




17 JAMES STREET CALEDON




87 ASPEN SPRINGS DR #210 BOWMANVILLE




9 WATERSDOWN CRES WHIBTY




43 MARYKNOLL AVE KAWARTHA LAKES




1133 RITSON RD N #82 OSHAWA




24 HOBBS DRIVE CLARINGTON




136 ASPEN SPRINGS DR #206 BOWMANVILLE




742 PARKDALE AVE FORT ERIE




1058 SUTTON ST KINCARDINE




201 CARLAW AVE #125 TORONTO




9 CHARLESTON CRT BELLEVILLE

## CALL TODAY FOR YOUR COMPLIMENTARY MARKET ANALYSIS OF YOUR HOME

RE/MAX ROUGE RIVER REALTY LTD, BROKERAGE
INDEPENDENTLY OWNED AND OPERATED

DIRECT 416-835-3341
905-924-4250
vic@remaxrougeriver.com
www.SellWithVic.com

SCAN ME

NOT INTENDED TO SOLICIT THOSE ALREADY UNDER CONTRACT

## ПЕТНАЕСЕТ ЧАСА НИЕ ГО ГЛЕДАВМЕ МРТВИОТ ГОЦЕ, НАВЕДНАТ, ЧИНИШ, ВРЗ ГРБОТ НА МАКЕДОНИЈА. И ПЕТНАЕСЕТ ЧАСА НИ СЕ КИНЕА СРЦАТА

**-На 4 мај 1903 година** во Баница, Егејска Македонија загинал Ѓорѓи Николов Делчев, попознат како Гоце Делчев (Кукуш, 4 февруари 1872 ) — македонски национален херој, учесник во македонското револуционерно движење, деец на Македонската револуционерна организација, апостол и срцето на револуционерна Македонија идеолог, организатор и водач на македонското револуционерно националноослободително движење кон крајот на XIX и почетокот на XX век.
Во Бугарија исто така му оддаваат почит на Делчев како национален херој.

На пат за Ловчанската корија на Али Ботуш, каде што го закажал Конгресот на Серскиот револуционерен округ, Гоце запрел во селото Баница, Серско. Таму се сретнал со четите на Бродалијата и Димитар Гуштанов. Овде се затекнал и Димо Хаџи Димов. На 3 мај 1903 година, вечерта, Гоце бил мошне импресиониран од Солунските атентати и во селото Баница ги изрекол зборовите:
Ги разиграме анамите со широките шалвари во Солун, така ќе ја растресеме целата турска гнила империја од темел [104]
Димо Хаџи Димов, близок соработник и пријател на Гоце, и самиот учесник во борбата кај Баница го оставил следното потресно сведоштво:
Петнаесет часа ние го гледавме мртвиот Гоце, наведнат, чиниш, врз грбот на Македонија. И петнаесет часа ни се кинеа срцата [19].
Постојат повеќе верзии за неговото загинување, изнесени од непосредните сведоци на неговата смрт. Михаил Чаков истакнува дека взори бил разбуден од еден полјак од селото кој му јавил дека Баница била полна со аскер. Потоа го упатил кај Гоце за да му го соопшти истото. Меѓутоа штом полјакот слегол долу бил прибран од аскерот. Чаков слегол долу и се упатил кон куќата каде што бил сместен Гоце. Од таа куќа излегле две девојчиња, кои му рекле и тој да се прибере во таа куќа. При средбата, Гоце направил распоред за одбраната, а потоа, штом забележал дека војската одела по куќите и претресувала, заповедал да излезат и тргнат низ селото.
Пејо Јаворов дава малку поинаква верзија. Рано изутрина Гоце и другарите биле разбудени од некоја баба која им рекла: Станете, момци! Аскер го загради селото и пребарува по куќите. Гоце и комитетите биле готови за борба. Војската пребарувала по куќите и го собирала населението. Тие стигнале до куќата каде што бил Гоце со другарите. Гоце предложил да излезат од селото за да не биде запалено. Наместо да го чека мракот во утврдената камена куќа, наредил да излезат и да тргнат низ селото. По решението на Гоце, сите излегле на улица и се провлекувале до крајот на селото, каде што се наоѓала последната војска, и според Јаворов, Гоце извикал: Легнувајте! Првата пушка тој ја пукнал. Сите залегнале, а Гоце, според Чаков, застанал простум да ја полни пушката. Како луд му свикав: Легнувај, Гоце! Легна, но на самото легнување еден куршум го пронижа во левата града, и тој падна врз својата пушка... ги кладе двете раце наземи и се обиде да се крене гледајќи кон другарите што беа се растуриле покрај ѕидот на куќата и ги рече последните зборови:
Ах, момци, рани...
и пушти душа. Веднаш го



фатив за левиот опинок, како што беше легнал по очи и колку глас ме држи викав: Гоце, Гоце! - Никаков одговор. Изгасна за секогаш јуначката натура. Во борбата кај Баница учествувале 14 борци. Биле убиени: Гоце, Стефчо Трлишанчето, Кољо Консулата, Димитар Гуштанов. Бил ранет: Ѓорѓи Савеклијата. Другите се извлекле преку една плевна и заминале од селото. За одмазда, аскерот го запалил селото и го бомбардирал со топови. Биле изгорени 124 куќи, изгорени селани 5, убиени 4, затворени 24.
За овој подвиг Тефиков добил полковнички чин. Во текот на борбата телото на Гоце останало на местото каде што тој паднал. По борбата Тефиков го познал Гоце и дал наредба да се пренесе во Сер. Тоа го сакале и некои други видни турски управници од Сер за да го носат Гоцета како воен трофеј и да го деморализираат населението. Меѓутоа, пристигнала наредба од Солун да се остави Гоцевото тело во Баница и тука се погребе. Така загинал Гоце во Баница, храбро и достоинствено. Го даде својот живот за ослободување на Македонија.
Смртта на Гоце не била случајна. Неговото исчезнување било посакувано од бројни фактори. Но кој е предавникот или предавниците? Правиот одговор може да го даде само досега непозната архивска документација, ако е сочувана. Злорадоста напоила нечии срца, како оние на врховистите: Иван Цончев, Атанас Јанков, Софрониј Стојанов, Александар Протогеров, на кои им се припишува следново коментирање: Најпосле се куртуливме од тоа куче [105].
Гоцевата смрт била регистрирана во повеќе османлиски телеграми. Борбата кај Баница најпрво била регистрирана во шифрираната телеграм од управата на Серскиот санџак од 4 мај 1903 година, а Гоцевата смрт во шифрираната телеграма на Солунската окружна управа од 5 мај 1903 година. Османлиското задоволство било големо. Високата порта издала официјално соопштение со што ставила посебен акцент на настанот. Во тој контекст, Хусеин Тефиков бил унапреден во аскерски полковник. Ненадејната смрт на Гоце, нашла место во дипломатските извештаи. Трагичната судбина на Гоце ја завила Македонија во траур. Неговата смрт претставува ненадоместлива загуба за македонскиот народ. Овај настан особено ги погодил смилевските конгресисти. На 31 годишна возраст слегла од животната и историската сцена, несомнено, најдинамичната личност на македонското револуционерно национално ослободително движење во предилинденскиот период, којшто оставил трајни траги во поновата македонска историја.
„Ослободувањето на Македонија се крие во внатрешното востание. Кој мисли инаку да се ослободи Македонија, тој се лаже и себеси и другите “
„Јас не познавам друг народ кој повеќе страдал од предавствата на своите синови - изроди како македонскиот. Историјата не памети друг таков пример кога еден ист народ по традиција, јазик и вера се разделува на разни спротивни страни, една од друга потуѓа...
„Дали може да има друго место за еден Македонец, освен Македонија? Дали има народ понесреќен од македонскиот? И дали има некаде поширoко поле за работа, отколку во Македонија?

**-15 мај** е ден на македонското знаме. Македонското сонце претставува „ново сонце на слободата“, како што е и испеано во македонската национална химна Денес над Македонија:
Денес над Македонија се раѓа,
ново сонце на слободата.
Македонците се борат,
за своите правдини!
Во периодот од 1991 до 1995 година, како симбол за знамето се употребувала ѕвездата од Кутлеш, што довело до масовни протести во Грција, поради наводните „ексклузивни права“ на користење на симболот од грчка страна.
**На 17 мај 1395 година** починал Крале Марко (роден околу 1335 ) — последниот крал што владеел со поголемиот дел од Македонија пред повеќевековната власт на турските султани. Истовремено, тој е најпознатиот јунак на епското народно творештво, не само на Македонците, туку и пошироко. Кралството на Марко било со седиште во Македонија, со Прилеп како главен град и затоа се смета за македонски крал.
**-24 мај** е ден на сесловенските просветители и учители или Ден на светите солунски браќа Св. Кирил и Методиј — државен македонски празник кој се празнува на 24 мај. Празникот е во чест на Св. Кирил и Св. Методиј, основачите на првата словенска азбука – глаголицата. Денот на македонските светители е прогласен за државен празник од. Во XI век Црквата го прогласила 24 мај (11 мај по стар стил) за ден насветите просветители Кирил и Методиј. Денот во Македонија првпат бил одбележан на 11 мај 1860 година во црквата Св. Богородица во Скопје. Датумот е избран бидејќи го означува датумот кога започнала Моравската мисија.

## ОРГАНИЗАЦИЈАТА ОБЕДИНЕТИ МАКЕДОНЦИ ОДРЖА ПОКЛОНЕНИЕ ПО ПОВОД 120 ГОДИШНИНА ОД ПОГУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ НАЈГОЛЕМ РЕВОЛУЦИОНЕР ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

Организацијата Обединети Македонци во Канада положи венец пред споменикот во дворот на МПЦ Св. Климент Охридски. По службата одржана од македонските свештенослужители, претседателот и потпретседателот на Организацијата, Драги Стојковски и Владе Гроздановски, положија венец и се поклонија пред споменикот и сликата на апостолот Гоце Делчев, кој на 4-ти февруари во 1903 година загина во борба против отоманската војска во селото Баница, Македонија.
Вечна му слава на Гоце Делчев и на сите други Македонци кои ги положиле своите животи пред олтарот за слободна и независна македонска држава.







# OLD MILL PASTRY & DELI




*WELCOME TO OLD MILL PASTRY And DELI*

**Freshly Baked Bread and Pastries**

*Old Mill Cafe is an Eastern European coffee shop*

*We serve freshly brewed coffee, balkan-style hot meals and delicious desserts*

Contact Address:

385 The West Mall, Etobicoke,
ON M9C 1E7, Canada

Contact Info:

416.551.1779 / 416.519.0064
Email: info@oldmillpastry.ca

Working Hours:

Tuesday to Sunday 8:00AM - 8:00PM
Monday - CLOSED

